**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дванаесеттото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,43 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Пратениците кои не се влезени во салата да влезат во салата наскоро продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со работа по 69-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Љубчо Герогиевски, Али Ахмети, Илија Китаноски и фијат Цановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

- **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Од вчерашните излагања од вчерашната седница остаа овде на мојот список 3 пратеника кои изразија желба да реплицираат на излагањето на госпоѓа Кипаризовска. Тие три пратеника се Ацо Киров, не е тука. Селвије Салиу не е тука и Ајше Селмани, повелете госпоѓо Селмани со вашите три минути.

**Ајше Селмани:** Благодарам господине претседателе.

Госпоѓа Анита. Колку што дознав вчера во текот на вашето излагање, иако не се произнесовте директно вие целосно го прифаќате овој Предлог закон. Исто така не наведовте дека сте имале средби или не сте имале средби со вашите претставници на влашката заедница и дали се тие задоволни со изборниот законик кој се предлага на овој начин или не се задоволни. Вие бевте меѓу тие дискутанти кои оставивте впечаток дека немате никаква забелешка и дека сте задоволна како претставник на Власите да имате само едно гарантирано место во ова Собрание и за жал ова ви го направија затоа што сте пратеник на ВМРО ДПМНЕ истовремено дел од Парламентарното мнозинство. Дека доколку бевте во опозиција за да имате ваш глас ке ви понудеа две гарантирани места на пратеници Власи во овој Парламент. Со ова се докажува јасно целта на оваа актуелна Влада за да се обезбеди двојното мнозинство или кажано поинаку Бадинтеровото мнозинство. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Кипаризовска имате контра реплика? (Не)

Немате контра реплика, благодарам.

Сега, на ред за збор е госпоѓа Јакупи Зумрете.

Ве молам госпоѓа Јакупи дали сте Зумрете или со и Зимрете. Да знам како да ве изговарам добро, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Овие измени и дополнувања на изборниот законик со јасни и крајни цели од актуелнава Влада која за нивни барања кои ги ценат дека треба да ги имаат во Република Македонија и ценат дека секако треба да ги имаа,т добро е, но значајно е дека овде треба да се знае како треба да се случи тоа и тоа на еден начин да се знае без вистинска соработка со легитимните претставници на Албанците ова не е во ред да се случи на овој начин. Од причина што јасно се знае дека ВМРО ДПМНЕ нема вистински и правилни цели. Бидејќи и во текот на времето додека таа беше во позиција од 1998 до 2002 година, таа не го предложи ова но истото имаше можност да го направи и во времето кога беше и во опозиција, значи да предложи вакви измени и дополнувања на изборниот законик. Инаку, овие измени видливо ги створаат напнатост и тоа меѓуетничка напнатост, вршејќи раскол и предизвикувајќи подлабок раздор во Република Македонија. И, не го прават спротивното од ова кое го прокламираат актуелната Влада дека тие наводно ќе ги уредат правата на помалите етнички заедници.

Измените во изборниот законик видливо го оштетуваат албанското население како составен дел на оваа држава. Народ кој со многу жртвувања се бореше во однос на дискриминацијата. И во нашата борба, во борбата на нашиот албански народ често пати во многу случаи придобија и помалите етнички заедници. За ова ми е мило, без оглед дека начинот како овие етнички заедници придобиле било во нивна полза на помалите етнички заедници а на штета на албанското население или паралелно со албанското население. Ова го велам бидејќи повластувајќи ги помалите етнички заедници ова се прави за инает на Албанците.

Овој пример ни е свеж и во текот на Охридскиот рамковен договор кога се случи еден голем бум за помалите етнички заедници. Ве молам, почитувани пратеници.

Сакам да нагласам поради коректноста и оценката дека целата јавност во Република Македонија, и е јасно дека Албанците со својата борба и војна бидејќи секогаш борбата ја правеле на разни начини за нивни било индивидуални или колективни права е несфатливо да ни се наметнува етикетата дека ние наводно сме против правата на помалите етнички заедници. Од причина што ние подобро ги разбираме нивните барања за кои тие ценат дека треба да ги уживаат во Република Македонија. Велам подобро ние албанците ја разбираме дискриминацијата и секако Албанците се во состојба да ги разберат помалите етнички заедници затоа и Демократската Унија за

интеграција како конструктивна партија, не ги спориме нивните права туку напротив ги браниме и промовираме. А ова сме го докажале преку нашите поднесени амандмани со кои ние како промотори на етничките заедници со поднесувањето на овие амандмани кои се прифатливи за сите помали етнички заедници, предлагаме Република Македонија да биде една изборна единица. И, за ова да не постои изборен праг.

Оваа наша варијанта мислам дека ги исполнува сите барања на етничките заедници на начин пропорционално а се гласаат од самото нивно население и да немаат поклонет мандат. Значи, со ова ДУИ, докажува уште еднаш не дека не е против правата на помалите етнички заедници туку и се произнесува за нивните права. Не дозволувајќи со преку гарантирањето на правата на помалите етнички заедници да се загрозат правата на другите заедници како што е зборот кај нашата албанска заедница.

Додека од друга страна овој изборен законик вака како што е предложен и со овие гарантирани места секако е со дискриминација.

Овој законик без широк консензус политички и етнички консензус е доста несериозен и многу забрзан бидејќи ги нарушува клучните начела за правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници кои се гарантирани и со Устав. Ги загрозува достигнувањата на Охридскиот договор имајќи го во предвид тоа дека во 2001 година се постигна овој договор кој освен другите предности и првите  го содржи и начелото на Бадентер и ова начело или принцип како таков не смее никако да се минимизира од причина што минимизирањето на ова право како единствен механизам за заштита од нагласување видливо ги загрозува одредбите од Охридскиот рамковен договор. Овој ваков изборен законик колку што можам да забележам загрозува една институција изразена со голема цена. Во 2001 година сите знаеме за жртвите и последиците на оваа година. И значајна година за достигнувањата и  мачни а меѓу нив е и Охридскиот рамковен договор и измената на Уставот на Република Македонија. Со овој наопачки процес кој го  гради мандатарот господинот Никола Груевски, славен со неговите импозантни реклами и замислените изјави во кои ги искажува своите замисли секогаш во идно време, а во суштина Република Македонија се враќа ретроградно station наназад предизвикувајќи една дестабилизација на земјава и продолжувајќи го нашиот пат кон интеграција на нашава Република во ЕУ и НАТО структурите. Овој самобендисан мандатар излегува со ваков предлог, со кој бара радикални измени во изборниот систем и тоа на штета на една етничка заедница. Не земајќи ја во предвид оваа албанска заедница сигурно и замислувајќи дека сите албанци ги има присвоено и станале негова марионета. Но, тој заборава дека Албанците “послушни” како што вели мојот колега, вазали кои ги има во Владата не го презентираат народот и достоинството на Албанците, како свесен народ кој многу добро ги разбира валканите игри.

Овој мандатар само бендисан не може да ја оствари оваа реалност на никаков начин иако ги има своите сојузници кои говорат на албански, кој им даде охрабрување во играта во Боговиње, врзувајќи ги партиските знамиња во албанските подрачја. Делегетимирајќи го постигнувањето од албансксата нација.

Овој процес на овие развои ќе има позитивна интерција без оглед на нашата желба. Сакале, или не сакале ние тоа што и припаѓа на демокрацијата и припаѓа. Кога говорев за широкоградоста на мандатарот во однос на помалите етнички заедници кои ги користи за неговорите дневно политички цели од причина што целта е сосема јасна, ги молам помалите етнички заедници да не паднат плен на неговите манипулации, но да бидат умерени како што знаеле секогаш да бидат и логични и конструктивни во нивните постапки и одлуки. Затоа што целта на мандатарот е провидна. Јасно се гледа какви пресметки има. Затоа ние како политичка конструктивна партија, не дека не ги спориме правата на помалите етнички заедници, туку напротив ги промовираме истите, ги штитиме и ги браниме со наши аргументи, како и со сите методи кои се дозволени, со сите демократски методи.

Ова сме го докажале, уште еднаш ќе повторам преку нашите поднесени амандмани, кои се прифатливи и погодни за сите етнички заедници. На тој начин да партиципира на пропорционален начин без да се оштети ниту еден друг етникум.

И сега ќе ги искористиме сите методи, демократски методи и нема да се потценат никако овие манипулации, но истовремено уште еднаш ќе молам, помалите етнички заедници да не разберат правилно и да не паднат плен на овие манипулации, на овој актуелен мандатар имајќи ги предвид неговите цели.

Овие измени и дополнувања на изборниот законик е еден преседант од свој тип од причина што практиката во Република Македонија го покажува спротивното. Секогаш се разговарало на широко и опсежно и на еден начин е постигнат консензус во однос на ова прашање, политички и етнички, додека сега без никаков широк политички и етнички консензус, со овој несериозен изборен законик и забрзан, кој ги нарушува стручните начела за правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници, кои се гарантирани со Устав врши базични измени во политичкиот систем на Република Македонија.

Ова секако бара редефинирање на политичкиот систем и за ова се разбира се бара и едно јавно преиспитување со широк политички и етнички косензус. Би било добро на крајот нашиот разум кој го принуди ова мнозинство да ги повлече овие измени и дополнувања на изборниот законик, односно овој изборен законик да оди во две фази на тој начин што да имаме една целосна, јавна

расправа и да се постигне политички и етнички консензус во однос на ова прашање.

Инаку, со овој наопачки процес кој ни го воведува господинот Груевски сите ќе излеземе како губитници опфаќајќи го и самиот готвач на ова штетно јадење.

Велам штетно јадење од причина што е штетно за целото општество на Република Македонија. Токму поради кратковидоста и лекоумието на овој, го велам ова бидејќи измените во Изборниот законик не се направени во приоритетната област за да имаме вистински измени во областа на финансирањето на изборната кампања и политичките партии.

Како што е барањето на Европската унија, на ОБСЕ и ОДХР, напротив врши измени во областа која нема приоритети. Но, истовремено измени кои поттикнуваат недоверба и меѓуетнички сомнежи. Дали е тоа целта? Овие измени на Изборниот законик се негативни и некомплетни. На овој начин вака предложен не оштетува сите нас.

За ова што го искажав се произнесоа многу еминентни експерти од политички, правни и економски прашања. Експерти и стручњаци кои се произнесуваат дека децидно ќе предизвика голема штета на државата Република Македонија, се разбира и на сите граѓани.

Овие измени на Изборниот законик ќе го отежнат џебот на нашите граѓани. Имајќи го во предвид порастот на буџетските средства за зголемување на бројот на пратеници од 13 ги оштетува граѓаните од причина што цената ќе биде врз нивен грб. Оваа штета не е толку голема, таа е минимална во споредба со другите штети. Колку ќе ја отежни економската состојба во земјата, во Република Македонија, ќе ги попречи странските инвестиции во оваа земја, поради вградувањето нестабилна клима во нашата земја.

Од порастот на меѓуетничките напнатости се повеќе се дестабилизира оваа земја. Голема штета се врши на Република Македонија, а тоа е нашиот пат кон Европската унија и нато структурите.

Во дадениот момент да се преземе ваков чекор велам дека е доста непогоден и штетен. Покрај другото, со овие измени и дополнувања на Изборниот законик и со овој недефиниран текст и изборот на три пратеници од дијаспората, имајќи го во предвид тоа дека нашата земја нема доволна инфраструктура и можности да организираме избори во странство за да имаме вистински изборен процес на сите светски континенти.

Овде велам и за нереалната застапеност на сите наши граѓани во дијаспората поради неуредувањето на прашањето на државјанството на нашите иселеници.

Имајќи ги во предвид сите горе спомнати работи, упатно е овие измени на Изборниот законик не само да оди во две фази, туку целосно да се повлече од дневен ред. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Дали има реплики? (Нема)

Има збор господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Се надевам дека денеска ќе биде последниот ден од расправата од првата фаза на промените на Изборниот законик и дека овој серијал денеска ќе го завршиме успешно. Дали ќе помине со мнозинство на гласови, претпоставувам дека имате мнозинство или Владата ќе го повлече, сепак отвори многу дилеми за кои ние пратениците, ако не сега, утре низ широка распава со експерти, со нашите гласачи мора да ги испегламе.

Дефинитивно овие денови слушнавме многу работи, но 2-3 се круцијални за кои би сакал да прозборам и на почетокот да кажам, како што кажав и неколку пати, бидејќи најголемиот дел од своите ставови ги искажав преку реплики на моите колеги. Отсекогаш сум бил за граѓанска опција затоа бев член на СДСМ и бев на листата на СДСМ како граѓанска опција. Дури во 2005 година во септември месец на еден Централен одбор кога ние се подготвувавме за изборите 2006 година предложив како СДСМ да одиме сами без Коалицијата “За Македонија заедно”, без нашите коалициони партнери од ЛДП кои први не напуштија и без етничките заедници затоа што во СДСМ имавме една структура која имаше и Турци и Срби и Роми и Власи и Бошњаци и тие луѓе беа подеднакво квалитетни, ако не беа и поквалитетни од нашите коалициони партнери од етничките заедници.

Меѓутоа, дефинитивно, она што мојот пријател Слободан Најдовски кажа дека граѓанскиот концепт полека замира, веројатно во големите политички партии грижејќи се за своите политички интереси, што е нормално, бидејќи политиката е пред се интерес, полека замира, меѓутоа, едно сакам да му порачам, иако не е тука, дека граѓанскиот концепт во Македонија не е умрен и дека тек ќе дојде на сцена затоа што овој процес, на национализирање на Македонија мене лично, а верувам и на граѓаните на Република Македонија, не им се бендисува затоа што за овие 16 години поделба, тоа вчера го реков, на црвени, сини, бели, жолти и не знам какви или Македонци, Албанци и слично, македонскиот граѓанин се полошо живее, потешко доаѓа до виза, потешко може да си ги плати сметките, со кредитните картички “имаш и кога немаш”, бидејќи најголем број од граѓаните не работи или не прима плата, дефинитивно Македонија се одлепува од оној позитивен тренд што го имаат источните земји или да речеме транзициските земји во кои ние, за жал, едно време бевме предводник и останавме само предводник. Затоа реков да престанеме да се обвинуваме, да престанеме да имаме многу визии, да се разбудиме и да работиме.

Лично, јас реков дека овој концепт би го поддржал затоа што можеби начинот на кој ние

малите етнички заедници, сега ќе се обидам да зборувам како Бошњак иако не сум Бошњак по професија, Бошњак сум таму каде треба, сме маргинализирани во делот на правата што ги имаат етничките зедници. Добро, имаше еден обид, јас се согласувам, во 2002 година "Македонија заедно" направи голем исчекор, претпоставувам дека Владата, оваа Влада се обидува да направи уште поголем, не навлегувам во причините дали едната причина е да го има гласовите за Судскиот совет, дали да распише предвремени избори, сепак тоа е пазар, веројатно моите поранешни колеги не се пазареа добро, сега им се понуди на помалите етнички заедници подобра понуда и тие ја прифатија или ја одбија.

Она што лично ме боли и што не би сакал да остане како дамка на носење на овој закон затоа што со мене никој не преговараше и она што мене лично ми смета е дистрибуцијата на бројот на пратеници на етничките заедници. Зошто условно речено да речам Турците имаат четири, Србите три, Ромите два, Бошњаците еден и обратно. Се сложувам тоа е веројатно бројот на последниот попис и тоа е уставна категорија, иако и тоа начин, тогаш предлагам да се попишеме сите уште еднаш или да извадиме и да направиме квоти.

Еве многу интересно и специфично иако можеби во дел од дискусијата на господинот Фијат Цаноски не се согласувам тој рече дека има 120 илјади Торбеши или Македонци муслимани. Значи, ако се поделиме ќе испадне дека процентот на Македонците, условно речено, е помал, па ќе направиме квоти што значи нема да има 85 македонски пратеници, ќе има 70. Мислам дека тоа е спротивно на она што сите го зборуваме и полна ни е устата со Европската унија и НАТО. Ние дефинитивно ја делиме Македонија. Ја делиме на ситни славини, на племиња и слично. Затоа сметам дека за да не се чувствуваат моите пријатели од ДУИ загрозени дека со давање на правата според Рамковниот договор кој е Рамковен договор и за останатите малцински заедници, претпоставувам дека овој закон е можеби само продолжение и разработување на тој Охридски договор, се даваат одредени права. Ако етничките заедници се 10 или 12% од 133 пратеника, 12% е 15 пратеника. Значи, господо од мнозинството пак им закинувате на малите етнички заедници. Требаше да дадете 15 мандати.

Затоа имам еден амандман кој вреди оваа Влада, а и кога ќе се даде на општа расправа или со експерти да го разгледате каде јас предлагам да има 12 пратеници од етничките заедници, а да има само пет гарантирани места, а другите седум да одат на избори. Кој ќе ви гарантира дека сите Бошњаци ќе гласаат за Есад Рахиќ иако ви кажувам уште од сега дека 99% нема да бидам на листа на етничка заедница, ќе го застапувам мојот граѓански концепт. Кој гарантира дека сите Турци ќе гласаат за Кенан Хасипи, дека половина од Турците, Србите, Ромите нема да гласаат за мене или обратно.

Затоа сметам дека треба да се направи една изборна трка, бидејќи сме пазарно стопанство, па да видиме кој колку вреди на пазарот. Опцијата е една ние да одиме на мнозински систем во еден изборен круг каде без оглед на тоа ќе се пробаме како личности кој колку направил, кој каква трага оставил кај граѓаните или она што господата моите колеги од ДУИ го предлагаат една изборна единица.

Еден колега од ВМРО-ДПМНЕ рече не сум сигурен дека условно речено, ме зема мене како пример, Бошњаците да имаат пратеник затоа што имало три партии, па ќе се разделеле гласовите и слично. Јас ви кажувам искрено, тоа е мое размислување, ако Бошњаците, зборувам за нив, во мое име или Ромите или било кој не можат да се договорат дека Есад Рахиќ или Муминовиќ или Шахиќ или било кој што е политички претставник, но освен Шахиќ не ми се ни јави да поднесеме амандмани да има повеќе пратеници Бошњаци, ако не можеш да најдеш национален интерес и не се здружат, тогаш не треба да имаат пратеник. Ако се обидувате да бидете лидер, да водите нешто, треба да имате прогресивни мисли да процените која опција е најдобра за граѓаните.

Затоа мислам, инаку и бројот што го предлагам, се согласувам со колешката Зумрете, претходно одлична дискусија имаше Аднан Јашари каде рече дека треба да се намали бројот на пратеници. Во мојот предлог има 123 пратеници каде шест изборни единици по 18 пратеници 12 од етничките заедници би се додале. Тогаш би имале рамнотежа. Зошто да имаат 28, 29 или 30 албански пратеници, што е соодветно на бројот со кој се застапени, а да има само пет пратеници од етничките заедници, а тие се 12 или 13%. Кога веќе си играме со математика дами и господа, математиката е егзактна наука и треба да се почитува до крај.

Затоа сметам дека тој модел на една изборна единица пропорционален систем е најдобар за сите. Мислам дека тука сите тие што сметаат дека се квалитетни, дури и малите партии, се извинувам што ќе го прозивам мојот пријател Павле Трајанов, тогаш сам на минатите избори имаше 20 или 30 илјади гласови во 2002 година па не влезе во Парламентот. Сега мораше да влезе со една партија и знаете како муслиманите пет мора да се молите, мојот пријател Павле мора три пати да го пофали премиерот и Владата инаку вечер ќе оди на рапорт. Тоа се случува и со другите мали заедници и во наше време. Сметам дека со тој закон една единица пропорционален систем и малите партии и граѓанскиот концепт во Република Македонија ќе живее. Ние вака само се делиме. Некој рече дека со носење на овој закон, со давање на права на етничките заедници Македонија се прави бинационална. Не. Македонија веќе некој ја направи бинационална. Јас го живеам Охридскиот договор и пред 2001 година. Јас секогаш сум ги делел луѓето на добри и лоши. За мене нема големи и мали Албанци,

има добри и лоши, чесни и нечесни, како што се сите. Да ги прашате луѓето со кои сум живеел, сум работел, сум бил директор или обичен работник дека секогаш така сум го гледал општеството. Затоа сметам дека она што го рече мојот пријател Најдовски дека граѓанската опција не е завршена. Би предложил една книга, не е тука госпоѓа Јакупи кој како бил шиканиран, има една книга од Горанчиќ, прочитајте ја како Бошњаците поминувале во последните 50 или 100 години на овие простори, но тоа не е причина да се бориме на начин за кој сметам дека е непринципиелен за да ги оствариме своите права. Сметам дека овде пред очите на македонската јавност и очите на македонските граѓани можеме да ги оствариме нашите права. Се согласувам со дел од размислувањата на колегите пратеници од ДУИ дека треба да го унапредиме тој концепт на остварување на права. Меѓутоа, тие права не се само за албанската популација. Тие се и за другите граѓани. Охридскиот рамковен договор, да, имате голема заслуга дами и господа од ДУИ и ДПА, но дајте до крај да го испочитуваме. За мене Охридскиот рамковен договор е лош договор ако не го испочитуваме до крај и ако тој не е преодна фаза каде Македонија ќе премине во класична граѓанска држава каде граѓаните како поединци ќе ги остваруваат своите права. Не можете да ме убедите дека само затоа што е Бошњак или Албанец мора да работи некоја работа за која нема поим. Морал да биде пилот, а дечкото точак не знае да вози. Значи, ќе мораме да изградиме некои инструменти во кои ние лично ќе мора да ги одредиме правилата на игра.

Затоа сметам дека треба да се намали бројот на пратеници затоа што и овие 120 меѓу кои сум и јас е претежок товар за овие граѓани.

Во протоколот има хрпа документи те Естонија, те Азербејџан, те Летонија, те Мароко, се утепавме од патување ни пари дојдоа, ни кој знае какво подобрување на стандардот на граѓаните. Дајте да го намалиме бројот на пратеници на 90, па да видите како функционално се работи. Тоа е едниот дел и мислам дека тука без оглед колку е лош овој концепт иако ви кажав дека сум против секакво делење по таква основа, вреди да се размисли и да се поддржи.

Сметам дека позицијата си ја постигна својата победа со тоа што направи овој закон да се носи во две фази.

Дефинитивно дами и господа од власта или позицијата не можете преку трупа да терате некого на сила да носите некој закон. Кажете сакаме да имаме предвремени избори во април, мај, јуни, јас сум сигурен дека секоја опозиција која ја критикува Владата дека е лоша ќе прифати предвремени избори. На страна рејтингот. Како што вие, ако сте сигурни, кажете тоа ни е интенцијата, немојте зад правата на малцинските заедници да се затскривате зад Судски совет или предвремени избори. Јас реков и тогаш се што е во интерес на Република Македонија, па и ваков исполитизиран Судски совет ќе го гласам, затоа што сметам луѓето што ја водат Македонија во последните 15-16 години ја доведоа до такво дереџе. Година дена двете највисоки институции во државата не можат да се договорат за Судски совет и на крај доаѓаат со заушки, со влечење за уши, за коса, не тераат да седнеме и да разговараме, па даваме непринципиелни предлози, дај да ги избришеме сите. Принципот на негативна селекција во Република Македонија продолжува.

Она за што сакам да зборувам, а вчера го спомнав, вториот дел за гласањето на дијаспората. Некој рече дека ние може да организираме легатимно и законско гласање во дијаспората. Апсолутно се согласувам затоа што таму ќе гласаат нормално, квалитетни, чесни граѓани. Меѓутоа, не сум сигурен во бројачите. Ние не сме имале проблем со граѓаните, туку со бројачите, тие што ги полнат кутиите или ги кршат. Кој гарантира дека Есад Рахиќ, условно речено амбасадор таму и таму во тие ДКП нема да ја смени волјата на гласачите од дијаспората.

Ако се сеќавате на локалните избори во 2000 година тогашниот кандидат Бислимовски, поранешен колега пратеник имаше 13 илјади гласови предност, а во вториот круг 14 илјади наполнето, па ќе ми кажете Центар, Дижонска улица, не е ни во Отава, не е ни во Мелбурн ни во пустините Калахари. Веројатно Аларова доби тогаш. Имаше и на други места.

Сакам да кажам дека е реално, ние правиме кршење на Уставот член 9, сите граѓани се еднакви.

Прво, не го знаеме бројот на луѓето што се во дијаспората. Јас ви кажувам дека има една категорија иселеници во Турција кои преку Македонија се иселија, можеби ги има преку два милиони и ако ним им се дозволи јас ќе им бидам мандатар, можеби е тоа најдобро решение, повторно ви кажувам, ако таа дијаспора гласа. Треба конкретно да се утврди бројот на гласови на дијаспората. Јас сум сигурен дека сега, претседателе, има преку 200 илјади граѓани на Република Македонија Македонци кои сакаат да гласаат, тоа е мојот предлог, мислам дека треба да биде почеток, но ако е ваков лош почеток дајте да го вратиме назад да размислиме. Временски е една изборна единица. Значи, на 200 илјади гласачи од дијаспората, вие велите дека бирате три, а на овие тука од 200 илјади бирате 20. Во старт тоа е погрешно. Тоа е прва работа.

Втора работа најголемиот дел од тие луѓе, реално кажано, економски ја поддржуваат и ја одржуваат стабилноста на Република Македонија. Со ваков раст на производство во последните 5 до 10 години, ние можеме да кажуваме дека расте, но тоа се чувствуа, сиромаштија се потешко и потешко живее граѓанинот, парите што доаѓаат од дијаспората, таа милијарда евра ја одржува стабилна Република Македонија. Сега, тие луѓе што праќаат пари што инвестираат тука, вие им

забранувате да гласаат, или им забрануваме да гласаат. Меѓутоа, треба да се најде модус тие луѓе навистина да гласаат затоа што верувајте не сум сигурен дека сите во дијаспората сечат вени по ВМРО-ДПМНЕ или по СДС. Јас имам информации дека 90% од нив ќе гласаат за мене. Таква е прикаската. Меѓутоа, дајте да ги утврдиме вистински правилата на игра.

Затоа, апелирам до вас да престанете да не браните нас етничките заедници, дали биле добри или лоши. Оставете им на луѓето, оставете му на Стоиљковиќ, Хасипи, Неждет, Салиу и Есад Рахиќ, па и мојата пријателка Кипаризова, за Фијат ќе видиме, оставете им на луѓето што ги поддржуваат нив да одлучат за кого ќе гласаат. Затоа, ви кажав немој со мајоризацијата на големите да ги мајоризирате малите.

Затоа, апелирам и уште еднаш ќе кажам, јас сум за една изборна единица, каде што сите ќе покажеме кој колку вреди. Ако има 80 илјади Турци, ако тие 80 илјади Турци, 50 или 60 се со право на глас, се извинувам господине Хасипи ги земам како најбројни.

Со ваков низок одзив, како што имаше во 2006 година Кенан Хасип и Турците ќе имаат пет или шест пратеници, нема да имаат четири, зошто да бидат хендикепирани. Но, јас сум сигурен дека иако Бошњаците се малубројни, имаат многу повеќе пратеници, затоа што знам многу луѓе што ќе гласаат за некој бошњачки кандидат, иако не се Бошњаци, како што знам дека многу луѓе ќе гласаат за Неждет, иако е од друга етничка заедница.

И уште една работа, престанете Албанците да ги браните правата на Албанците во Македонија. Престанете Турците да ги браните правата на Турците. Имаме 15, 16 години независна држава, имавме пратеници, ќе го земам мојот другар и пријател Неждет Мустафа, 16 години имаат пратеници Роми, имаат градоначалници, меѓутоа не живеат подобро. Исто е и со Албанците, имаат одредени права, со одредени структури, но најголемиот број на граѓаните на Република Македонија, без разлика дали се Турци, Срби, Роми, Албанци или Македонци. Лошо живеат. И, дозволете му на Есад Рахиќ да се грижи за својот работник што беше, да се грижам за Ќемал мојот Албанец од Нерези или да се грижи мојата пријателка Ристана Лалчевска за Фејзул и други. Дајте да почнеме да градиме вистинско општество, каде што граѓаните на Република Македонија ќе имаат благодет од ова наше седење. А, не седум дена седиме овде, сабота не се работи бидејќи е еврејски празник, а ние работевме и што сработивме. Ништо. Дојдовме повторно во вторник, иако беше договорено во сабота да завршиме во вторник. И повторно ќе дојде некој ќе не влече за уши и ќе рече не ги завршивте овие домашни задачи и нема место за Република Македонија во Европа. Ако сме луѓе и ако навистина ги претставуваме тие граѓани што ни го дале гласот да го претставуваме, дека сакаме да работиме во нивни интерес, сметам дека оваа прикаска полека треба да се заврши, треба да ве слушне власта, да ве слушне опозицијата, затоа што Изборниот законик или закон секогаш се носи со консензус, без разлика дали тоа и се допаѓа или не на власта. Како што и опозицијата треба да сфати дека сите добри проекти на Владата не се лоши, само што се од ВМРО-ДПМНЕ и од ДПА. Тука би завршил, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплики имаат господин Хасипи и господин Оровчанец и по тој редослед ќе одиме.

Повелете вашите три минути господине Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Јас го респектирам легитимното право на господинот Есад Рахиќ да преферира пропорционален изборен модел и тоа е сосема на место и тука нема ништо спорно.

Меѓутоа, би сакал нешто да продискутирам во делот кога кажа дека не мора сите Турци да гласаат за Кенан Хасипи, можат и за други и тн. и дека овој модел наводно врши сегрегација на заедниците и секоја заедница, припадник на секоја заедница гласа за својата заедница. Тоа не е точно, бидејќи нема малцински листи, има само една листа на едно гласачко ливче и поредени се сите партии, може било кој припадник на било која етничка заедница да гласа за било која партија. Според тоа, не значи дека гарантираните места значи дека Турците мора да гласаат за турските партии, Бошњаците за бошњачките партии и тн. Можат да гласаат и за СДСМ, за ЛДП и за било која друга партија. Меѓутоа, што ова ќе реши до колку го реши другиот проблем, проблемот што многу од гласачите не гласаат поради програмските определби на таа партија, туку поради очекуваните бенефити, на овој начин ќе видиме кој ќе гласа од програмски определби, што ги почитува програмските определби на таа партија, а кој поради очекуваните бенефити. Само во тоа е разликата. Инаку, се задржува принципот еден човек еден глас, се задржува принципот на тајноста на гласање и се задржува принципот на слободен избор на политичка партија или групација. Според тоа, нема ништо спорно.

На крајот на краиштата, јас ве убедувам дека пратениците кои ќе излезат од политичките партии за кои се гарантирани квоти, нема да имаат две до три илјади гласови, сигурно ќе имаат гласови приближно или барем онолку колку што имаат и другите кандидати, бидејќи ќе постои интеретничка борба за секој глас во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Рахиќ вашата минута.

**Есад Рахиќ:** Почитуван колега, изборите се пазар хипотетички. Што ако листата на Бошњаци што ќе ја предложи Рафет Муминовиќ има 40 илјади гласови, а листата што ја предложи Кенан Хасипи има пет илјади гласови. Гласовите ќе се поделат, ама вие пак ќе имате четири пратеници.

Според овој законски дел вие пак ќе имате четири пратеници, Алија Шахиќ или Петиќ бидејќи е популарен ќе има 40 илјади гласови, ќе има само еден Бошњак во Парламентот. Само да ве потсетам, во Дебреште каде што вие тврдевте дека има голем број на Турци, во минатите локални избори коалицијата "Заедно за Македонија" од тие што вие ги претставивте, нема ни еден глас за советник на листата. Еве ви кажувам, тоа го знаете има десетина гласови. Значи, не е реална прикаската дека Кенан Хасипи и Есад Рахиќ ги контролира, а истото го зборувам за сите. Дајте да излеземе на пазар, па да видиме кој колку вреди. Тоа е, затоа Ролс Ројсот вреди најмногу.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Оровчанец, вашите три минути за вашата реплика.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, господине Рахиќ, мојата реплика ќе ја искористам за да ги кажам моите ставови врз база на она што господинот Рахиќ го изнесе.

Прво, сакам да забележам оние кои гледале, гледале, оние кои не гледале ќе разберат. Вчера имаше една емисија околу европските прашања каде што господинот Фуере дефинитивно кажа што е овој закон, што мисли за него и не би сакал да го повторувам него, меѓутоа јасно е дека е промашен тајмингот, јасно е дека се промашени целите и јасно е после се дека некој сака да купи одредени права врз база на етничките заедници, кои што не би требало на тој начин да бидат спроведени. И, тука се слагам со господинот Рахиќ дека се добива впечаток, без разлика имало или немало дека постои пазарење.

Ако се осврнеме на сето ова и на правата на етничките заедници и на она што беше препирка овде континуирано околу Охридскиот договор, кој го спомна господинот Рахиќ, јас би рекол една работа. Сите треба да сфатат дека Рамковниот договор ја дефинира и ја потенцира Република Македонија како унитарна државата. До колку тој договор не беше таков, Македонија ќе беќе дејтонска Македонија, етничка, поделена, кантонизирана и тн. Според тоа, се што се прави руди и во Избрниот законик, треба да оди во прилог на потенцирање на унитарноста и развојот на граѓанските права, без намалување на етничките права на било која заедница во Република Македонија. Токму поради тие причини и поради критичната маса на одредени заедници која постои, треба во Република Македонија да има избори каде што принципот еден човек еден глас, дефинитивно мора да се одржи и тоа да биде базата, а тоа може да се направи со една изборна единица на Република Македонија. Или што би рекол Рахиќ, алтернативно почнува да мисли, е оние кои се на пазарот да кажат дали е тоа така. Според тоа, дали ќе гласаат 4000 пратеници за четири места или ќе треба за сите да има еднаков број на гласови за еден пратеник е многу битна и квалитетна разлика која може само да ги унапреди правата на граѓаните за после Рамковниот договор и правата на етничките заедници, не мораме дефинитивно да се надградиме со базичните човекови права и унапредување на слободите на граѓаните.

Што се однесува до она што беше за ...

**Љубиша Георгиевски:** Гледам дека почнувате ново...

Повелете господине Рахиќ, вашата контра реплика.

**Есад Рахиќ:** Ова господине Оровчанец не се однесува на вас, се однесува на големите политички експерти што проценуваат кој има брилијантен настап, а кој нема, многу брзо учиме. Дали јас размислувам алтернативно или вие слободно демократски, за тоа заедно ќе се договориме. Меѓутоа, чувствувам дека нашите идеи ги делиме. Идеите за граѓанска Македонија, каде што вредностите ќе ги делиме на други принципи, а не на племиња што живееле во 15-ти или 12-ти век или во славините, тоа е веќе малку поинаку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Почируван претседателе, почитивани колеги и претставник на Владата.

Дозволете накратко да ги изнесам моите видувања за законот кој е денес на дневен ред.

Првото прашање објективно кое се постави за мене, тоа веројатно и за голем број на пратеници кои тоа го покренаа во претходната дискусија, зошто овој закон го имаме на дневен ред пред нас. Одговорот не е недвосмислен, ниту е политички тешко да се открие. Одговорот на прашањето зошто законот денеска е на дневен ред е јасен и тој гласи: Владата предложи закон со цел да го комплетира Судскиот совет на начин кој Владата го замислила, а за што нема доволно мнозинство во Собранието. Со оглед дека Владата тој предлог за комплетирање на Судскиот совет не може да го помине, не заради тоа што премиерот го кажува во јавноста заради СДСМ и опозицијата, туку само заради една единствена причина. Заради тоа што нема Бадентер да помине Судскиот совет на начин кој го замислила Владата, Владата пристапи кон преговори со пратеници кои можат да го докомплетираат Судскиот совет по принципот на Бадентер. Контра услугата што ја побараа тие пратеници беше, помеѓу другото, дека ќе се гласа за Републичкиот судски совет со Бедредин Ибраими и други,под услов, ако една од контра услугите е загарантирани места за етничките заедници кои не се согласно Законот за избори внесени на начин како што сега тоа се предлага и Владата тоа го прифати.Тоа е легален начин на работа во било кој парламет во светот, меѓутоа политички е нелегитимно да контра услугите почнуваат да го формираат политичкиот систем во најсензитивните односи во Република Македонија. А ќе кажете сигурно дека Изборниот закон каде што етничките критериуми почнуваат

да преовладуваат е еден од начините на кој се уредува политичкиот систем.

Исто така сакам да соопштам, на оние кои се повладеава по контрауслугите и услугите како метод на политичка работа, дека до колку преговорите на политичките партии  во кои сега се приклучи и претседателот на Република Македонија, господинот Црвенковски,а кој, како што слушнавме од медиумите, во првата фаза дадоа одредени резултати и се чека да завршат во втората или третата, како се проектирани за мене е нејасно. Тогаш сакам јасно да соопштам дека услугите и контра услугите може  да се доведат под прашање и доколку во преговорите на четирите политички партии и претседателот на државата се најде компромис и Судскиот совет се комплетира, проблемот на овој закон ќе стане апсурден, затоа што неговото поминување веќе не контролила условување за донесување на одлука за изборот на Судскиот совет. Во тој случај ќе биде непотребен овој закно, затоа што десницата во Парламентот, во координација со претседателот и политичките партии од опозицијата ќе се исполни целта да помине Републичкиот судски совет, при што, за среќа, ќе мора да прави компромис и да нема таму политички личности, како на пример спомнатите. Во тој случај овој закон верувајте,господа кои го испоставивте како контра услуга, ќе стане непотребен и за десницата, ќе го најде компромисот во институциите на системот на начин на кој е потребен, а не насилен и на тој начин овој закон втората фаза ќе ја види, како што би рекле луѓето на куково лето.  Она што е уште потрагично, ако ВМРО го комплетира судскиот совет во договор со СДСМ и ДУИ, особено со ДУИ, јас ве уверувам вас од ДПМНЕ дека овој закон нема да го ставите во втора фаза, затоа што веќе не ви е потребен. Меѓутоа, она што е уште пограгично...

(Господине Стоиљковиќ повелете на говорница и зборувајте)

Она што е уште потрагично е дека ваквиот систем на услуги и контра услуги на товар на политичкиот систем на Република Македонија, како што видовме во овој  Парламент ја отвори Пандорината кутија.

Имено, по повод изборниот закон, практично и да немаше дискусија  во која не се бара редефинирање на уставниот поредок на Република Македонија. Значи се отвара едно од крупните прашања. Само да потсетам, дека во текот на вчерашниот ден или предвчерашниот, мислам дека беше вчера, имаше дополнителни сериозни дискусии, реплики и контра реплики во Македонија да се додадат нови нации во политичката карта и тие да станат уставна категорија. Едно од, ќе се сложите, многу сериозните политички прашања во Република Македонија. Кога се отвара на мала врата изборот на Бедредин Ибраими или некој сличен во Судскиот совет со волку крупни прашања, тогаш ќе се соочиме со фактот дека по повод Бедредин Ибраими, ќе се соочиме дека господинот Фијат Цаноски, вчера, ќе го цитирам, ништо нема да кажам мое, официјално побара нација нова во Репулика Македонија, претпоставувам и во светот наречена Торбеши и нејзин уставен карактер. Во овој момент јас немам став по тоа прашање, меѓутоа официјално и прв пат слушам дека во Парламентот тоа прашање се покренува од човек кој се изјасни како таков.

Второ, до сега сите изборни закони имаа изборен консензус, односно изборни закони имаа политички консензус. Ова е прв закон кој нема политички консензус и не треба да се очекува, кога се нема политички консензус, прашањата ќе поминуваат во Парламентот лесно и тоа можевме внимателно да го слушаме. Од мој агол гледано,  тоа што го кажуваат претставниците на ДУИ, на пример јас го слушав внимателно, цела дискусија господинот Блерим Беџети и други, треба сериозно да не размисли што всушност тие луѓе во нашиот Парламент односно тие наши колеги зборуваат. Мислам дека еден од сериозните проблеми на овој Парламент е тој што ние веќе ниту се слушаме, а уште помалку мислам дека ниту пак имаме потреба меѓу себе да се слушаме. Има една шега кога дошла некоја поплава, па некој човек сакал да се спаси од поплавата и почнал да се моли на бога. Поминал комшијата со чамец да го спаси, тој рекол не, јас се молам на Бога. Поплавата надошла, се качил на вториот кат и продолжил да се моли на Бога. Комшијата повторно со чамец поминал да го спаси и тој вика јас се молам на Бога, ќе ме спаси, верник сум цел живот. И, така стигнал до кровот и почнал да се дави и рекол, Господе ти се молев цел живот,  верував во тебе, поплавата сега ми го одзеде животот, ти мене не ме спаси. Од небото се слушнал Господовиот глас и рекол, три пати праќам да те спасат, меѓутоа ти не сакаш. Така што, мислам дека во овој Парламент треба многу внимателно да се слушаме што се случува кога разговараме меѓу нас, затоа што не мислам дека ВМРО-ДПМНЕ со овој закон блефира, тој искрено сака да го помине заради други цели, јасно е дека кога влезе во Парламентот ја немаше оваа цел што сега ја прокламира, лукративно или прагматично се однесува, меѓутоа исто така да ги слушаме и колегите од ДУИ што зборуваат. Затоа што, вие сте колеги од ВМРО-ДПМНЕ претставници на најголема партија која ги претставува во основа Македонците, меѓутоа ДУИ е најголемата партија која ги претставува Албанците.

Исто така, сакам да посочам во овој Парламент дека ако внимателно се слушаме, според бројот на партиите во овој Парламент, не според бројот на пратениците, иако бројот на пратениците е релевантен, се разбира, меѓутоа во основа десетина партии во овој Парламент побараа Република Македонија да биде една изборна единица, ако внимателно се слушавме. И, можеме да ги наброиме кои се од нашите поранешни колеги, ЛДП колку што разбрав, и од неколку партии од етничките заедници, кои овој

закон го туркаат за нив да биде една изборна единица, де факто, па продлжувајќи со НСДП на господинот Петковски, колку што разбрав некои и од десницата кои се приврзаници на власта, како што е ВМРО-Народна, госпоѓата Лиле Поповска од ДОМ. Од социјалистите не слушнав и претпоставувам дека додека се во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ ќе го бараат овој систем, меѓутоа во друг случај е побараат една изборна единица и тн.

На крајот,ќе се сведе, се разбира дека тоа го побараа и ДУИ и ДПА во основа, затоа што тие ќе бенифицираат од таков изборен модел и на крајот ќе се сведе дека во Република Македонија во Парламентот од оваа дебата само, драги колеги д ВМРО-ДПМНЕ вие и ние од СДСМ не сме за една изборна единица.

Тоа е уште едно отворање на Пандорината кутија во Република Македонија. Република Македонија конечно после многу лутања во изборниот систем формираше изборен систем кој е добар за Република Македонија, кој ги отврфли пробелмите на мнозинскиот изборен систем, меѓутоа кој не ја прогласи Македонија една изборна единица за да сепак се зачува регионалниот пристап секој регион да биде претставен сос вои пратеници, на 6, и да не набројувам нешто што е познато. Овој систем го креиравме заедно, ако не се сеќавате 2002 година, овој систем произлезе делумно и од Рамковниот договор и е формиран во соработка и на техничко ниво во овој Парламент од вашиот пратеник Данико Глигоровски и нашиот тогашен пратеник Александар Гештаковски. Со Томе Тромбев ги правеа овие планови на повисоко ниво со дотогашните претседатели и се дојде до закон за кој сите гласавме.

Третата работа што мислам дека е пробелматична, за која веројатно нема потреба да се елаборира затоа што беше една од елаборираните во овој Парламент, е фактот дека сегашниот изборен систем помеѓу другото е рефлексија, иако не е директен производ на Охридскиот рамковен договор, кој во Република Македонија, со исклучок на некои мали политички партии кои имаат ограничен, или немаат пристап во Парламентот на Република Македонија, сите го подржуваме.

Исто така да кажам дека во Охридскиот рамковен договор се изградија некои механизми кои заедно со Изборниот законик кој рефлектира кон тие механизми, зборувам за повторниот закон го уреди политичкиот систем во Република Македонија во делот на меѓуетничките односи на едно балансирано ниво кој ако на едно место се отвори, како што сега се обидуваме тоа да го отвориме ќе предизвика, и очигледно дека предизвика отворање и други прашања од меѓуетничките односи поврзани со Рамковниот договор.

Да потсетам, не е точно дека Рамковниот договор бил договор помеѓу, барем така се слушна, јас не го прифаќам македонските и албанските политички субјекти во Република Македонија, затоа што Рамковниот договор, како што знаете уредува помеѓу другото и односи на проценти и на државнониво. Оттука се извлекува дека Рамковниот договор е пред се за албанците, меѓутоа да не заборавиме и на локално ниво.

Механизмот на 20%, или 50% е вграден и н алокално ниво, а особено со децентрализацијата, која е исто така дел од Рамковниот договор знаете дека локалното ниво сега станува сериозен политички извор на дејствување на репрезентите на локалнониво и затоа не можеме да занемариме дека таму каде што има, а има повеќе од 20% Роми, или Турци, или Срби, или Бошњаци, мислам дека  има една општина, ако не се лажам, Власи ит.н. ги користат правата од Рамковниот договор и тоа на начин кој го уредува Рамковниот договор за сите, а не само како што беше кажано тука, за Албанците. Затоа мисламд ека тука начинот на кој сега се отвара Рамковниот договор, кој имаше и уставни амандмани кои тука се воведоа под прашање постојано и постојано ќе предизвикуваат нови и нови дилеми. Јас се согласувам дека усовршувањето на тој механизам и јас се согласувам дека тој механизам е добар откако ќе профункционира и ќе ги видиеме сите слабости. Меѓутоа,Собрание е додека Рамковниот договор сеуште е во фаза на архитектура на негово исполнување, еве господинот Тачи го слушав пред два дена на неговата партиска конференција од Сарај излезе со тврдење дека Рамковниот договор договор не е реализиран. Кажа и уште нешто за штона друго место ќе одговорам, не на собраниска говорница , затоа што не беше кажано од собраниска говорница. Меѓутоа, и тој самиот кажа дека во услови и на неисполнет Рамковниот договор ние практично со секира почнуваме да удираме не во долниот дле од стеблото туку се плашам во корените на Рамковниот договор.

Затоа мислам дека ваквото, на мала врата отворање на ВМРО-ДПМНЕ на овие проблеми може да води кон посериозни пробелми во Република Македонија, тука нема да ги повторувам, кои беа од сите страни на еден илина друг начин загатнати, според мене на еден драматичен начин, само ако знаеме кој за што зборува. До колку не знаеме да се слушаме можеме да помислиме дека си го кажал секој своето и ние да го донесеме законот и ќе продлжиме. Меѓутоа, ако внимателно се слушаме мислам дека господинот претставник на Владата во овој случај формално, инаку за ВМРО-ДПМНЕ тоа е сосема јасно треба многу, многу внимателно да пристапите кон тоа за што се зборува во Парламентот, затоа што Парламентот е самовокабулар на политичките идеи на партиите. Тие во Парламентот се остваруваат или не се остваруваат, меѓутоа потекнуваат од гласачите.

Сега дозволете да дадам уште една оценка за ваквиот предлог особено заради тоа што тоа што го мислев во неколку говори на пратеници, кои и

не мора да споменат од ВМРО-ДПМНЕ, ако има потреба во реплики ќе ги кажам точно кои се, затоа што тоа е стенограмски утврдено, ми го даде за право да гокажам и следното. Во Република Македонија ние сакаме да градиме граѓанска држава. Основата на граѓанската држава не се етничките партии. Основата на граѓанската држава се граѓанските апртии, партии кои во себе вклучуваат луѓе од различно етничко потекло, а не вклучуваат исклучително партии кои се со монистичко, еднородно етничко потекло. Тие на таков начин не можат да создадат граѓанска држава.

Со овој предлот на ВМРО-ДПМНЕ де факто ВМРО-ДПМНЕ како етничка партија или како партија која се обидува неуспешно да стане граѓанска партија сака да го уништи граѓанскиот карактер. Сака сите политички партии да ги натера дополнително да се етницизираат со цел да се вклопат во изборниот систем и наместо Македонија да оди кон партии, како што се обидува и СДСМ, не велам само СДСМ, и СДСМ, помеѓу другите, и другите нека си кажат и ЛДСДП, и т.н. тие партии кои се обидуваат да изградат граѓански партии , не врз основ ана етничко потекло, со овој закон се удираат во коренот и се има интенција сите партии да се затворат во свој етницистички корени и така да се претставуваме во изборниот систем, и така понатмау да се претставуваме во Република Македонија.

Јас сум сеуште оптимист дека процесите во Република Македонија можата да се движат во обратен правец. Не да се етницизираат СДСМ и ЛДП и НСДП, па и Социјалистите, барем формално така се изјаснуваат не знам каква е структурата на членството, веројатно е така, туку обидот е ...

(Некои од пратениците дофрлуваат од место).

Се извинувам, се извинувам, обидот е да се границѓизира ДУИ со ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и другите, и партиите ДПС, тие што се вон Парламентот и т.н. Ќе повторам, овој обид е обид за етницизирање на граѓанските политички партиии во Република Македонија.

Што е најлошо, ВМРО-ДПМНЕ тоа не го крие. Тука од говорницата се кажува, се разбира кажува, ќе кажам и за што е погрешно, меѓутоа се кажува тоа што лежи на душата, со овој закон ќе ставимекрај на СДСМ, ќе ги изгубите половина од вашите гласачи. Веќе нема да има кој за вас да гласа. Тоа е јасна порака почитувани пријатели во Парламентот. Вашата намера е да се отргнат граѓанските апртии од политичкото гласачко тело. Гласачкото тело да се затвори во етничките партии и така натаму да продолжиме. Тоа можеби е и идеата на десницата во Република Македонија. Меѓутоа, дозволете да не се согласам, ниту со трендот, ниту со обидот тоа на таков начин да се направи. Не е проблемот, ќе повторам, да се етницизира СДСМ. Пробелмот е да се граѓанизира ВМРО-ДПМНЕ. Не само од СДСМ постојано да мораме да бараме во Парламентот заради политичкиот систем Срби, Турци, Роми, Власи, Бошњаци, туку да ги видиме и на другата страна истите тие. И на граѓанска основа да бидеме десница или левица, а не по етничка основа, што е една од примарните апралелни, покрај социјални и етнички столбови на левицата и десницата во Република Македонија.

Дозволете да кажам дека овој закон всушност претставува една тажна десничарска политика со обид дополнително да се етницизира Република Македонија. Таа тажна приказна не може да заврши весело.

Јас не сакам да прифатам дека во Парламентот сите мора да завршиме по етнички крвни слики, ова го парафразирам, се разбира, не го мислам, на етничко потекло и дека сам окако такви можеме да бидеме претставени.

Да не заборавиме господине претседател, кој го подржувате овој закон како пратеник дека во Уставот пишува дека "претставниците ги претставуваат граѓаните". Не пишува дека претставниците го претставуваат своето етничко потекло во Република Македонија каде што претендира овој закон.

Што може да следи?

Дозволете да кажам зошто ќе се обидувате, а нема да го мислите СДСМ на таков начин,како што мислите, половина од вашето граѓанско тело наводно биле Власи, Роми, Турци, Бошњаци и сега СДСМ ќе остане со помалку од половината, бидејки овие ќе си гласаат за своите етнички листи и така ќе се оствари вашиот неостварен сон. Ќе стане јаве со тоа што вашиот сон ќе го снема. Ве прашувамотворено господа зошто СДСМ ги добива изборите во Струмица, каде што живеат 95% Македонци, зошто СДСМ ги добива изборите во Штип, зошто СДСМ ги добива изборите во Кочани, зошто СДСМ ги добива изборите во Делчево, зборувам за сегашните локални власти. Зошто СДСМ ги добива изборите во Берово, зошто СДСМ ги добива изборите во Гевгелија и т.н. и т.н. нема да се направи тоа што господа го сонувате, меѓутоа ќе придонесете политичките партиисе повеќе да се отвораат кон етничките граници.

На крајот, исто така сакам да предупредам дека овој закон не значи замрзната состојба во Република Македонија до колку се донесе, јас сум против овој закон, нема да придонесам тој да се донесе. Тоа зна!и натамошна ерупција на етничките партии. Зарем вие мислите дека партиите на господинот Кенан Хасипи и на Аднан Ќахил ќе се натпреваруваат на идните избори за местото 3-4 Турци во Парламентот, грешите, и тие двајца грешат. Ќе се јават уште 10 партии на Турците, затоа што секој ќе помисли со загарантирантие места турската партија отвара можности, нека не мислат и дугите наши колеги дека е гарантирано местотона Демократската партија на Србите. Не е гарантирано. Секој Србин ќе помисли сега дека ако е формирана српска партија уште една, две или три, затоа што

една изборна единица без праг, без концензус, теоретски еден ако излезе тој ќе стане пратеник за кој ќе се гласа за Србите на ливчето. Иликај Ромите, или кај Власите, сега пример земам, нека биде и кај Македонците, сеедно, меѓутоа законот е пред се за нив. Тогаш ќе го зголеми само апетитот на умножување на политичките партии кај етничките заедници кои се неалбански во Република Македонија, затоа што кај албанците важи нешто друго, заради нивната концентрација и бројност и затоа во единиц, двојка, петка и шеска, значи во 4 изборни единиции добиваат без една изборна единица свои пратеници,освен во тројката и четворката каде што етничкиот состав е сосема поинаков.

Од сите овие причини почитувани коелги сметам дека оваа политика за Република Македонија е непотребна особено што во Република Македонија во напорите за внесување на Република Македонија на етничките заедници во Парламентот не почнуваат од нас, сега ниту од Владата на ВМРО-ДПМНЕ која што сега предлага како да Колумбо ја откирл Америка во 21 Век, затоа што оваа политика вроди со плод, и како што е сега тој плод е резултат на фактот дека има партии кои водат сметка за тоа без разлика што сегашните пратеници кои влегле на тој систем мислат дека Турците, Ромите, Србите, Власите и Бошњаците не само што се денес претставени без моделот кој вие го предлагате. Тие се, тука се, беа претставени и во минатиот состав, дел од нив и истите, дури колку што гледам и мнозинството од нив истите беа претставени и во минатиот состав. Од 1990 година до денес факт е дека истиот модел успеа да создаде во Република Македонија свест на здружување и на работа на етничките заедници кои продуцираат нивно се поголемо учество во републичкио тПарламент. Во првоиот Паралмент, се извинувам ако направам грешка, меѓутоа трендо тне го грешам сигурно, колку што се сеќавам имаше еден, па после тоа уште еден Ром, мислам дека имаше еден Србин од листата на СДСМ освен Македонци и Албанци, не сум сигурен дали имаше Влав, не сум сигурен дали имаше Бошњак, не сум сигурен некои од етничките заедници можеби ги испуштив.

Во вториот состав нивниот број се зголеми, во третиот се зголеми уште повеќе, во четвртиот и петтиот практично процвета, практично процвета, десетина, не заради моделот кој сега го предлагате и кој ги тера нив да се затворат со бодликава жица во своите етнички заедници, туку заради моделот, па покрај СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ кој собра храброст на своите лсити да стави по некој од нив, меѓутоа сега одите за жал и вие во погрешен правец.

Овој модел нема да го реши проблемот. Пробелмот во Република Македонија успешно се решава, затоа ги дадов и овие примери. Тој прогресира и сега се што се случува мислам дека може да предизвика дополнителни отворени пробелми. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики.

Господине Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Мое мислење е дека господинот Поповскинајдобро ќе беше да не земеше збор. Според она што го кажа освен изборен модел со 6 изборни единици ништо друго не доаѓа во предвид. Гарантираните места не, наводно против пропорционалниот модел со една изборна единица ќе биле против и ВМРО и СДСМ и не знам што друго останува, или можеби ќе беше најдобро да се вратиме 1998 година, да ги земеме стенографските белешки кога овде ревносно го бранеше 5% -ниот изборен праг. Затоа господине Поповски тогаш немаше ни Влав,немаше ни Турчин, немаше ни Бошњак, зошто такви изборни модели правевте.

Втора работа ние не се затворивме сами во етничките атари. Овде имам едно решение каде што вели од законот за орагнизација и работ ана органите на државната урпава формиравме две управи. Една за унапредување на културата, друга за унапредување на образованието на заедниците. Кажете ми господине Поповски зошто во тие управи нема Македонци и Албанци. Зошто не се управи за немнозинските заедници, туку управа за заштит ана културата на заедниците.. Вие не затворивте во заеднички атар. И то ане беше доволно. 4 години со 12 ургенции, овде се уредени, да не губам време, не најдовте финансиски средства да ги вработиме тие луѓе, работеа со договор на дело 4 години. Ќе ве молам, штедевте, замислете на малцинските права, а во меѓувреме се вработуваа братучеди, тетки , синови на тетки други и т.н. Ќе ве молам бидете искрени. Вие го етнизиравте тоа, вие не доведовте во ситуација ова да го бараме сега. Затоа се тресе коалицијата “За Македонија заедно”, од ова нарцисоидност. Не е нашата цел да имаме 4 пратеника во Собранието, 2 или 3. Нашата цел е да постигнеме нешто друго од што сме исклучени. Исклучени сме од правичната и соодветна застапеност,не нема во ни еден друг орган. 4 години молевме, бидејки имаме заменици министри сите, еден да биде во Комисијата за спроведување на правичната и соодветна застапеност. ЗоШто не го напраивте тоа. Резултатите се погубни. 4 министерства беа без ни еден вработен Турчин. Успеавме само како Министерство, благодарејки на госпоѓата Шекеринска да вработиме двајца лекари, така да Министерството за здравство има, меѓутоа остана Министерството за транспорт и врски без ни еден Турчин, остана Министерството за локална самоуправа, остана Минситерството за просторнопланирање...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, вашето време истече.

Ве молам, за реплика се јави господинот Никола Поповски.

Никола Поповски: Благодарам.

Господинот Хасипи со самиот факт јасно соопшти тука што е неговата цел. Тој едноставно сака место во Парламентот за себе. Сите други пробелми воопшто не се проблем на Изборниот законик. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Иван Стоиљковиш, вашата реплика од три минути.

Иван Стоиљковиќ: Благодарам , господине претседателе.

Јас едвај чекав да се јави некој од идеолозите на СДСМ и дочекав после 7 дена расправа. Не знам за кој дел од дискусијата да се фатам, која теза да ја бркам, бидејки сите се површни, сите до една.

Најпрвин ќе почнам, тоа ми беше првата реченица, барање на контра услуги. Зошто е блокиран Законот за јавното обвинителство. Знаете? Знаете или треба да ве потсетам. Политичкиот живот во Република Македонија и политичките односи помеѓу партнерите и во Собранието и воопшто во политичкиот живот функционира на системот на контра услуги. Секогаш било така. Што тука се променило колга сме ние во прашање? Од тој аспект, ако тргнувате од тоа ние можевме заради евроатланската иднина на Република Македонија да кажеме да, ние го поддржуваме изборот на Државниот судски совет во Република Македонија и бланко да ги дадеме гласовите на Владината коалиција за да може беспрекорно да си ги спроведува реформите во областа на судството. Ние тоа не го направивме. За да го направевме тоа тогаш ќе беа во ред сите ваши тези дека не купил некој, дека во кој знае какви дилови сме влегле и слично. Не. Не испоставивме политички барања. Ако политичките барања не се легитимно политичко средство јас не знам што е тогаш легитимно политичко средство.

Следната работа, во вашето излагање цело време, може да се прочита една сосема отворена идеологија, а тоа е идеологија на политички патернализам на помалите етнички заедници. Вие сте родител исто како и јас, јас ќе ви кажам мојата 17 годишна ќерка се помалку ги слуша моите размислувања. Знаете зошто? Затоа што самата се подобро знае да размислува и таа да донесува одлуки што е добро за неа. Така што политичкиот патернализам кој го искажувате во однос на нас мислам дека ви е погрешен и мислам дека треба полека, но сигурно да го спуштите ако заради ништо друго за да можеме нормално да разговараме. Зошто ова ви го кажувам? Ова ви го кажувам од проста причина што во сите излагања на скоро сите пратеници слушнавме да не бевме ние вие никогаш немаше да бидете пратеници. Да, ама тогаш ќе си најдевте ваши Срби, вие секогаш имате ваши Срби, па ќе ги ставевте, па ќе добиевте одреден број гласови и сега тоа го правите. Не е ништо спорно. Зошто тогаш баравте да коалицираме заедно. Што беше тогаш проблемот со приказната. Со што ние ве навредивме или ви помогнавме да не земете во коалицијата. Или обратно. Со што вие толку добри бевте, па оставивте ние да ве изберевте вас како коалиционери партнери.

Зборувате дека Република Македонија се определила за граѓанско општество. Да, како ние делувавме во изминатиот период? Го нарушувавме граѓанското општество и граѓанскиот карактер на Република Македонија и сакате да кажете дека со ваквите решенија Словенија не е граѓанска држава, Хрватска не е граѓанска држава, Унгарија не е граѓанска држава, Романија не е граѓанска држава, а повеќето од нив се членки на ЕУ. Значи, ни тоа не е спорно. На крајот на краиштата, се извинувам уште 5 секунди, да завршам.

Кога велите дека ќе се формираат нови субјекти на партиите на малцинствата да, вие тоа веќе го правите предизвикани од овие излагања, ги викавте на разговор некои од моите поранешни соработници, продолжете, не е ништо спорно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Поповски вашата минута контра реплика.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господине Стоиљковиќ ќе ве замолам снимката да си ја земете од оваа ваша реплика и да сфатите зошто овој закон ве турка во етницизирање. Вие овде не настапувате како претставник на граѓаните на Република Македонија. Вие овде зборувавте како Србин кој ги претставува србите во Македонија. Јас сакам да живеам во Македонија во која вие ќе ги претставувате во изборната единица 1, каде бевте на број 2 и моите гласачи каде што јас живеам, јас гласав за вас. Не да ми србувате овде, да ми зборувате како претставник на граѓаните на Република Македонија, меѓутоа, законот ве турка, ме терате мене да зборувам како Македонец, а вие да зборувате како Србин Кенан Хасипи да зборува како турчин итн. И не се споредувајте со државите што ги кажавте. Македонија има 34% етнички заедници во својот состав. Македонија нема 3,4% и немојте да споредувате 0,01% италијанци во Словенија имале загарантирано место. Нашиот проблем е проблем на интегрирање на заедниците во една политичка концепција што се вика Македонија. Доколку ја дезинтегрираме на начин на кој вие зборувате, отидовме.

Ако може само уште пет секунди, само да ви цитирам ваша изјава од 3 весници е пренесена. Договорот се однесува само за Бадентеровото мнозинство, поточно за изборот на преостанатите членови на судскиот совет. За другите проекти нема итн.. . . Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Авировиќ вашата реплика.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Ќе реплицирам. Во овие денови со разгледувањето на овој изборен законик од

повеќе колеги од СДСМ како и од ДУИ се потврди целиот период од една година дека господата од опозицијата практично политички го употребуваа и Бадентеровиот принцип и принципот на двојно мнозинство за донесувањето на законот за јавното обвинителство, како и формирање на судскиот совет.

Вие со вашата дискусија отворено, како и сите претходни колеги од опозицијата укажавте дека цела година го употребувате или злоупотребувате вашето право на глас со двотретинско мнозинство како и политички делувавте како што делувавте да се употребува Бадентеровиот принцип.

Уште нешто ќе ви кажам, тоа е вашето право, меѓутоа, тие работи сега завршија, вашите умни умови се обидуваат на друг начин да ги решат проблемите евидентно дека не успевате.

Што се однесува до Социјалистичката партија ве убедувам дека таа постоела и ќе постои. За сите овие години, без разлика за каков изборен принцип се работи, уште во 1998 година социјалистичката партија е пред сите времиња и пред сите партии, таа 1998 година направи сојуз на сите етнички заедници, според тоа, на вас останува да се грижите за вашата партија која се уситнува од ден на ден се повеќе и повеќе, значи брои ситно, водете сметка за вашата СДСМ, немојте за нас да водите сметка, ние сме доволни и во доволен број да се грижиме за нас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Никола Поповски, контра реплика повелете една минута.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Госпоѓа Владанка, јас за мојата партија се грижам од 1990 година, не треба вие да ме потсетите за тоа, а за вашата партија верувајте дека ниту се грижам ниту ќе се грижам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Неждет Мустафа три минути реплика.

(Во 12,12 часот со седницата продолжи да раководи Бесим Догани, потпретседател на Собранието).

**Неждет Мустафа:** Почитуван колега Поповски.

Јас навистина сакам ова да го истолкувам и да не се изведуваат многумина дека сега ние влегуваме во некој дијалог што Партијата на СДСМ со нашиот личен коалиционен партнер за време на изборите. Станав поради тоа што сакам да се охрабрам дека јас навистина тоа не го сфатив така како што го слушнав од вас. Потресно би било доколку вие сметате дека Македонија не е мултиетничка држава. Сметам дека би било неправедно дека Македонија не треба да им го дава на малцинствата она што е нивно и сметам дека малцинствата треба да направат сами своја политичка еманципација, да направат своја интеграција и она што Европската комисија тоа го вели во својот документ дека 2007 година ја прогласи како година на еднакви можности.

Често говорам за Македонија како граѓанско општество. Целосно се согласувам и го поддржувам вашиот став. Но, сметам дека тука се коси вашиот концепт граѓанскиот и правата на заедниците. Повторно сакам да се уверам дека вие тоа не го мислите на заедниците и дека е добро тие да креираат своја политичка еманципација со своите политички партии и дека тоа на македонското општество нема да и наштети, туку обратно, дека кога ќе има многу повеќе пратеници роми сигурно многу повеќе ќе помагаат таму во гетата каде што живеат, во тие мизерни субстандардни живеалишта, дека кога ќе имаат повеќе пратеници со тоа ќе бараат поголема можност за поголема политичка интеграција и во извршната, законодавствата и судската власт.

Од тие причини сметам дека тој концепт сите заеднички треба да го поддржиме и дека токму таму е иднината на Република Македонија.

Впрочем, почитуван колега Поповски овој концепт е нешто што е веќе испробан во нашите соседни држави и затоа сметам дека воопшто не треба да ме обземе грижа. Со сета моја почит оваа реакција ја направив чисто од интелектуални причини и сметам дека тука ќе завршам, благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мустафа.

Следен за реплика е господинот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Моето јавување за оваа реплика е да му се обратам на господинот Поповски и да му препорачам наредниот пат кога зборува за такви теми, кога дава такви тези, подобро е да си остане на своето место, бидејќи со тие тези, со тие погрешни претпоставки, тие погрешни работи кои ги соопштува од оваа говорница, мислам дека штети и на себе и на својата партија и на целокупната наша држава.

Односите помеѓу заедниците се такви какви што се, не може тој да ги кажува, а јас ќе му кажам еден пример за тоа како тој дава не само погрешни тези, туку и лаже. Наведува како се добиени изборите во неколку градови и го наведува Кочани. Јас сум од Кочани и можам да ви кажам господине Поповски дека наеднаш, во првиот круг победи кандидат кој имаше 1200 гласа повеќе разлика. Во ромските изборни единици резултатот беше 950:800. Во вториот круг наеднаш се јавија симпатизери и гласаа 1600:0. На кој начин, мислам дека е познато, по тоа Кочани е познато во извештаите за Република Македонија. Со присила, со делење на брашно, на зејтин, и други работи за да резултатот наеднаш се сврти на другата страна и да се добијат оние резултати, ќе повторам, по кои Кочани е познато надвор од државата, односно познато е по тие фалсификати што се правеа.

Токму заради тоа, веројатно слична е ситуацијата и во другите градови, меѓутоа, за таму не знам, токму заради тоа беше подобро да си останевте на местото и да ги задржите тие ваши тези за вас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димитровски.

Една минута контра реплика за господинот Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам господине Ратко, ја разбирам вашата филозофија. Секаде каде сте победиле вие е чисто како солза, а секаде каде победил СДСМ е фалсификат. Од Гевгелија до Куманово и од Дебар до Делчево. Само вие сте најчистите, се на СДСМ е фалсификат. Фалсификати се и шеќерите и гласачки ливчиња со употреба на знакот на СДСМ неовластено печатени во некои печатници во Источна Македонија, се е тоа фалсификат, само зависи кој е на власт.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине потпретседател, колеги пратеници.

Се јавив за реплика по излагањето на господинот Никола Поповски каде можеби имаме многу забелешки за некои работи може и да е во право, меѓутоа, се изјасни околу една теза каде двете тн., големи политички партии се слагаат, а тоа е дека ниту СДСМ ниту ВМРО ДПМНЕ се слагаат со моделот на една изборна единица.

Ова сакам да го потенцирам пред вас и пред македонската јавност дека се на се се сведува на партиска борба за доминантна политичка моќ меѓу двете политички партии, затоа што тие се плашат од демократизацијата на општеството и со една изборна единица и влегување на нови и свежи политички идеи во политичкото ткиво на Република Македонија, доведува до релативизирање на нивната моќ, а тоа е губење на она влијание кое до сега во оваа класкалица го имаа 17 години. 17 години Македонија плива на антагонизмот помеѓу две големи политички партии кои остануваат големи само поради изборниот модел. Политичката мисла во Република Македонија е спротивна и бројот и политичката моќ која едната или другата политичка партија ја имаат.

Според тоа, изборната единица кога би била една би имале помалку пратеници и ВМРО и СДСМ. Токму поради тие причини цела Македонија е во заложништво за нејзиниот спор напредок затоа што целата енергија, драги мои колеги, се троши на овој континуиран продолжен антагонизам кој не доведува во ситуација во која сме сега. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Оровчанец.

Една минута контра реплика за господинот Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Напротив, господине Оровчанец, јас не сум приврзаник на 6 изборни единици. Само тој модел во Република Македонија во моментот дава резултати. Изборите 1990, 1994 година, 1998 година се разликуваат од 2002 и 2006 година. Завршуваат во еден ден без тепачки, без убиства, без обвинувања за фалсификати, значи тој систем функционира.

Инаку, јас сум за една изборна единица, ќе биде пософистициран. Само да се договориме околу изборниот праг. Меѓутоа, ако некој каже изборен праг од 1% или од 5% е многу различно. Еве би прифатил дебата во која вие ќе почнете со предлогот за една изборна единица со праг и ќе одиме понатаму. Меѓутоа, се плашам дека прагот од 133 е 0,7% за влез, за еден да влезе од прилика. Така е математички. Се плашам дека тоа нема крај инаку ако некој прифати праг јас го прифаќам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Три минути за реплика има господинот Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе имам реплика во насока на дообјаснување на некои работи. Беше истакнато дека ВМРО Народна партија е цврсто за една изборна единица. Би истакнал децидно како партија се немаме произјаснето дека сме за една изборна единица, можеби резултатите од последните парламентарни избори покажуваат на тоа дека доколку последните парламентарни избори беа организирани во една изборна единица ВМРО Народна партија ќе имаше повеќе пратеници. Меѓутоа, интересот, прво треба да го водиме за државата, а потоа за политичките партии. Математиката е многу јасна. На последните парламентарни избори ВМРО Народна партија имаше поголем број на освоени гласови од НСДП, меѓутоа, Донтовиот метод се покажа како модел кој на некој начин елиминираше поголем дел од нашите гласови така што НСДП влезе со 7 пратеници со помал број на гласови, а ние со поголем број на освоени гласови влеговме со 6 пратеници.

Едно е сигурно, бидејќи го имаме фактот на нов предлог за изборен законик дека следните парламентарни избори во многу нешта ќе се разликуваат од претходните. Како што кажа колегата Поповски единствено изборите 2002 и 2006 година беа по еден изборен модел, а сите оние претходни беа или комбиниран систем или во поинаква насока.

Тоа што сакам да го потенцирам е тоа дека на Република Македонија и одговараат избори само во еден ден. Се покажа дека е тотално непрактично да имаме два изборни круга. Во делот на една изборна единица, доколку би имало, навистина е отворено прашањето и околу прагот. За тоа треба сериозна дискусија и да се види каков би бил прагот, едноставно да се

направи една јасна проценка и да имаме дефиниран праг. Јас сум за тоа да има праг. Доколку има една изборна единица со јасно дефиниран праг на освоени гласови како би можело да се дефинира и бројот на пратениците и оние кои влегуваат во Македонското Собрание. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Додовски.

Реплика има господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Со оглед на тајмингот и договорот што го имаме, ќе употребам само една минута од својата реплика. Веќе шести ден СДСМ не убедува дека има некаков став или концепт или визија за Изборниот законик и третманот на помалите етнички заедници во него. Со дискусијата на господинот Никола Поповски дефинитивно таквите лажни убедувања, паѓаат во вода.

Сондирајќи на правењето на реска граница помеѓу етничкиот и граѓанскиот концепт во Изборниот законик, господинот Никола Поповски не спомна нешто што е негов термин. Има сега едно кратко прашање од милион долари за него, каде во Изборниот законик и на денешната дискусија воопшто ќе го чуеме ставот на концептот на партија, што тој на еден неодамнешен партиски конгрес ја нарече партија - Акционерско друштво. Значи, освен граѓанскиот и етничкиот концепт што така подробно го објасни Поповски, ќе сакам да ми го објасни ставот на партиите кои што тој ги нарекува акционерски друштва.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шутаров.

Контра реплика има господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам господине Шутаров.

Знаете што е Акционерско друштво? Кога имате 51 да почнете да тргувате со другите закони, за да дојдете до Републичкиот судски совет. Тоа е типичен производ на акционерско друштво и тргување, како што сега вие правите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Збор има господинот Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, оваа расправа што ја водиме неколку дена ги покажа сите слабости на процесот на продукцијата во овој закон и исто така, за жал, внесе дополнителен раздор во Парламентот, меѓу другото еве и денес ви упатувам процедурална забелешка господине потпретседателе, што не реагиравте на навредите што ги искажа еден пратеник кон една цела заедница. Имено, ромската заедница од страна на еден пратеник беше оквалификувана како подложна на потплатување, на купување итн. Мислам дека ви е процедурална обврска во случај кога имате етикетирање и истакнување на негативните стереотипи на било која заедница да реагирате и да го опомените тој господин.

**Бесим Догани:** Господине Манасијевски, само да ве потсетам дека етикетирањето беше кон СДСМ, не беше кон ромската заедница.

**Јован Манасијевски:** Беше кон ромската заедница во Кочани и ваша обврска е да реагирате, па затоа ви укажувам.

**Бесим Догани:** Многу добро се сеќавам господинот Димитриоски имаше упатено забелешка кон начинот на кој СДСМ ја водел втората рунда во изборите.

**Јован Манасијевски:** И сега ја прекршувате процедурата, бидејќи ми влегувате во збор, господине потпретседателе.

**Бесим Догани:** Тоа го баравте од мене.

**Јован Манасијевски:** Ви укажувам дека требаше да реагирате во заштита на искажување на вакви негативни стереотипи и етикатирања на цела заедница. Зошто велиме дека сите процедури и правила се прекршени. Прекршени се правилата и на добрата практика досега и на политичкиот фер плеј. Овие хартии што ни беа доставени како предлог Изборен законик, беа продуцирани апсолутно без никаков консензус и без никаква претходна расправа. Имено, кој е редот, кој што е и европски ред, меѓутоа и македонски ред низ иминативе неколку циклуси и кој ред треба да се почитува.

Прво, Владата требаше да испродуцира целосна анализа на ефектите од сегашниот систем. Таква анализа воопшто не постои. Значи не може да се стигне во промена на некој систем, ако немаме целосна анализа на добрите и лоши страни на тој систем. Никаква анализа од Владата не видовме. Таа мора да му претходи на секој предлог за промена на системот. Инаку, станува збор за политички каприц или хир. Во отсуство на било каква анализа, прескочено е уште едно темелно правило на фер плејот, консензусот. Зошто го менуваме овој модел и дали има консензус за насоката на промените или барем консензус за слабостите на овој модел. Ние овие 5-6 дена во Парламентот во една расправа што е воопшто несистематизирана, сите се обидуваме да одговориме на сите тие прашања. Дали има некаков консензус околу слабостите на системот, во која насока треба да се менува. Сите правиме ад хок анализа на системот, но тоа така не се работи. Скандалозно е. И, навистина, овој папир што Владата го продуцира и во номотехничка и во политичка концептуална смисла е едно од најлошите решенија било кога доставени во овој Парламент и едно од најлошите решенија што ги продуцирала оваа Влада во изминатава година. Значи, дали ние имаме консензус околу целите на реформата што сакаме да ги постигнеме.

На крај, кога ќе ги завршиме овие две фази, доаѓа расправата околу техничкото решени. Доаѓа расправата околу која изгубивме најмногу време, дали тројца или петмина претставници на

иселениците, кој модел, дали пет, десет или 15 претставници од системот на квоти на етничките заедници. Тоа се технички решенија кои што се последна фаза на еден процес кој што треба да се истурка по овие правила. Затоа, оваа наша расправа, за жал, не личи на ништо и нема да даде никакви резултати. Јас сум во тоа, за жал цврсто убеден.

Владата во понудувањето на оваа хартија Изборен законик, тоа стана јасно од расправата, прво, нема вклучено ниту еден експерт, ниту домашен ниту странски. Да беше тоа поинаку досега ќе имавме прилика да чуеме да се пофалите. Воопшто ниту еден експер не е консултиран при изготвување на вака сериозна промена на Изборниот законик. Скандалозен факт е што воопшто не е информирана ДИК. Министерството за правда продуцира закон, Владата го усвојува, воопшто не е испратен никаков допис, никаков Предлог закон до ДИК. Значи, луѓето воопшто не добиле никаков акт. Едноставно, се информираат од медиуми, го симнале законот кога се појавил на собраниската интернет страница и скандалозен е тој факт. Скандалозен е затоа што говори за непостоење на никаква комуникација на институциите што се меѓусебн упатени и скандалозен е затоа што институцијата што треба да ги спроведува изборите воопшто не е консултирана за решенијата што се дадени во изборите. Наспроти овој скандалозен факт за кој што е виновна Владата, имаме уште една необјаснива ситуација, ДИК еден месец воопшто не заседава, иако веќе го има во јавноста и е познат овој Изборен законик. ДИК, да ве потсетам, е најодговорна која што ќе го спроведува овој Закон. Како може да се случи воопшто да немаме расправа во тоа тело, самоиницијативно.

Оттаму, јас и мојата партија ЛДП бараме, бидејќи ДИК ја избира Собранието, во надлежната Комисија за избори и именувања веднаш да се отвори прашањето на смена на претседателот на оваа Комисија, затоа што, прво, според меѓупартискиот договор тој требаше досега да биде сменет, бидејќи треба да биде претставник на опозицијата таму, и второ затоа што покажа скандалозна неиницијативност за расправа на промена на Изборен законик кој што таа комисија утре ќе треба да го спроведува.

Понатаму, иако има потпишан меморандум, воопшто не е консултиран ОБСЕ за овие измени. Директно Владата го крши потпишаниот меморандум.

Понатаму, граѓанските асоцијации кои што стекнаа големо меѓународно и домашно реноме, како што е на пример МОСТ во следењето на изборите досега, исто така врз основа на потпишан протокол со Министерството за правда, повторно воопшто не се консултирани за вакви темелни промени.

И, на крајот беше спомнато во повеќе наврати стручното експертско мислење на највисоко рангираното тело за вакви случаи Венецијанската комисија при Советот на Европа.

Исто така, од она што можеме да бидеме продукција на овој Изборен законик, апсолутно не се земени предвид најголем дел и најсуштинските забелешки на овој закон. Значи, во една ваква атмосвера кога сите правила процедурално на добра практика и правила на политички фер плеј и на институционални односи се нарушени, ние треба да дебатираме за неколку клучни промени на Изборниот законик.

Прва работа, која што можеби не е најбитна, меѓутоа говори за еден тотален концептуален хаос на Владата, е прашањето на зголемувањето на бројот на пратениците. Бројот на пратениците од 120 се зголемува на 133, комплетно неоправдано. Во оваа расправа не посочивте ниту една причина зошто толку драстично треба да се зголеми бројот на пратениците. Нашето мислење во ЛДП е дека дури и овој број од 120 е голем, непотребен. Само да ве потсетам Република Словенија, држава која што успеа во рекордно брзи рокови цела апроксимасија на Европското законодавство и на прилагодувањето кон НАТО успеа да го заврши со парламент од 90 пратеници. И, се функционира одлично. Зошто сега Владата ни нуди, кој е тој клучен аргумент бројот на пратеници да се зголеми од 120 на 133. Нема никаков аргумент. Напротив, може да се истакнат повеќе аргументи зошто не треба бројот да се зголеми. Затоа, ве молам, ако правите било каков изборен инжинеринг и ако со силата на мнозинството ви пројде, правете го, меѓутоа барем во рамките на овие 120 пратеници. Бројот не треба да се зголемува, затоа што Парламентот ќе стане понеефикасен и понеорганизиран, вие и сега господо од парламентарното мнозинство едвај успевате да обезбедите кворум за работа со 61. Доколку ви помине овој закон ќе ви требаат дури 68 пратеници и тоа во услови на многу пофрагментиран парламент, затоа што тоа ќе се јави како ефект на овој закон што денес се предлага. Да не говорам за трошоците кои што воопшто не се симболични туку се големи и да не говорам за условите за работа за квалитетот и за она што треба да го испорача еден пратеник, кои што и сега се минимални во вакви новонастанати услови.

На крај, зошто велам дека во главите имате концептуален или идеолошки хаос. Иако, ВМРО-ДПМНЕ се декларира како партија на десницата, во целата изминатата година сите решенија што ги нуди во сите сфери значат јакнење на државата, зголемување на присуството на државата во сите сфери и зголемувањето на трошоците на државата. Која е оваа десна идеологија. Ни трага од десна идеологија. Напротив, се повеќе заличувате на социјалистичко популистичко движење со ваквите решенија. Никогаш во ниедна ситуација, во ниедна развиена демократска држава, десничарска партија нема да предложи зголемување на администрација, а тоа го правите за три илјади луѓе ја зголемивте

администрацијата само за една година, зголемување на бројот на пратеници и на други избрани и именувани функционери. Напротив, со секое решение, законско вие тоа го предлагате. И, навистина, постои сериозен хаос во вашата политичка агенда.

Едно од клучните прашања, финансирањето на политичките партии само е овлаш фатено, финансирањето на изборните кампањи. Тоа е едно од најслабите места во нашиот Изборен законик. ЛДП во изминативе 4-5 годни организираше семинари и ги собираше меѓународните експерти да одговорат на ова прашање. Зошто ова прашање е битно. Затоа што, според нашето видување голем дел од системската корупција во Република Македонија е продуцирано од слабата недоволна регулатива во финансирањето на политичките партии, во финансирањето на изборните кампањи. Меѓутоа, за вас тоа прашање не е релевантно и може да го разберам, затоа што ВМРО-ДПМНЕ е единствена партија што со блокирана жиро сметка од 4 години успеа да исфинансира најбогати изборни кампањи и да функционира без проблем. Значи, очигледно, бидејќи вие знаете да функционирате 4 години со блокирана сметка, за која што е одговорна како секретар на партијата министерката за внатрешни работи, за жал, ова прашање за вас не е релевантно. Тоа е така, бидејќи вие ги побивате сите земјени закони дека може да се функционира фантастично со блокирана жиро сметка. Овој закон мора да одговори на прашањето на финасирањето на изборните кампањи, затоа што како што реков, тоа е извор на системска корупција во Република Македонија. Овој закон, за жал, воопшто не ги задоволува потребните стандарди и потребните препораки од домашните и меѓународните експерти. Затоа, во втората фаза Владата треба најсериозно да размени, да размисли за внесување на клучни промени во овој дел на законското решение.

Во однос на прашањето на гласањето на дијаспората или иселениците, тука според моето скромно видување овој закон е технички најкатастрофален, затоа што едноставно вие сте решиле имате политичка волја да гласаат иселениците, меѓутоа ниту нудите техничко решение, коректно како тие ќе гласаат, ниту пак има било каква заштита на избирачкото право, за што многу компетентно говореше пратеничката Младеновска во изминатите денови. За какво регулирање ние зборуваме кога ниту процесот на гласање е регулиран коректно во склад со стандардите што важат во Република Македонија, ниту пак постои било каква заштита на избирачкото право. Гласањето на иселениците е празна флоскула, тоа едноставно е неприменливо, според овој закон неостварливо. И како такво ќе би извор на процедурални и други нерегуларности и како такво ќе фрла континуирано дамка врз изборниот процес доколку се спроведе според овие закони.

Втора битна причина, покрај оваа неприменливост на овие норми е тоа што како либералдемократ не прифаќам финансискиот товар за гласањето на иселениците да го поднесува сиромашниот македонски граѓанин. Не е фер и не е во ред просечниот македонски граѓанин кој е или невработен или има примања од 200 долари да го финансира гласањето на нашите иселеници по 10-15 години со просечни примања од преку 1000 долари месечно. Не е фер, не е во ред. Затоа либерал демократите континуирано ќе бидат против вакви дискриминаторски предлози.

Ако сакате на крај, субстанцијалниот аргумент не е во ред идентични права, идентична тежина на глас да имаат луѓе, кој 5, 10, 15 години не се во Република Македонија, немаат ни намера да се вратат, да имаат иста тежина во одлучувањето за иднината на Република Македонија, затоа што ниту ги чувствуваат работите, ниту ги чувствуваат последиците од политичкиот избор што се прави на секои избори.

Оттаму и ЛДП континуирано ќе биде против гласањето на иселениците, а особено не во оваа ситуација кога процедурално тоа е драматично лошо решено. Дури, дозволете ми со една голема сигурност да прогнозирам дека токму ова воведување на факторот на гласање на иселениците ќе биде клучна причина и за очекуваната системска криза што ќе настане во Република Македонија на наредните претседателски избори. Имено, ние и на изминативе избори имаме голем проблем со постигање на извесниот цензус и тоа беше предмет на преиспитување и на сомнежи истакнати од опозиционите партии. Со ваква саитуација кога го зголемувате гласачкото тело за тоа никој не знае колкав број на луѓе, кога цензусот за коректни и претседателски избори, ќе биде апсолутно нејасен и непознат за било кој учесник во изборната трка, континуирано тој што ќе губи ќе може да го доведува во прашање изборот на идниот претседател и тоа не само легалистички регуларно, не само легитимната страна, туку и легалистичката регуларна страна. Моја претпоставка е дека како резултат на таквите постојани спорења што ќе настанат како резултат од системските слабости, Република Македонија нема да може да избере претседател во 2009 година и ќе биде во континуирана системска криза. Тоа ли е идејата на владеачката партија да нема претседател во државата и да може по пат на природен прелив, можеби премиерот да ги преземе сите надлежности, за кои што сите сега гледаме дека има големи проблеми да се говори со сегашниот претседател.

Почитувани колеги од парламентарното мнозинство, не треба да се грижите. Со толкавиот рејтинг што ќе го имате за очекување е, дека ќе ги добиете и претседателските избори. Не си ставајте сопка.

Не вградувајте таква катастрофална системска фалинка, која што ќе продуцира Република

Македонија да нема клучна уставна институција, со вакviот начин на регулирање на гласањето на иселениците.

Во однос на другото прашање што се отвори, што одзема голем дел од времето и што создаде многу тензии непријатни во Парламентот е рпашањетона квотите. Дозволете ми прво да констатирам големо задовослтво што предлогот кој веќе 13 години го има ЛДП и која прва го истакна во Република Македонија, пропорционален изборен систем со една изборна единица конечно наидува на доминантна подршка. Како што кажа претходниот пратеник Поповски мнозинството на политички партии застапени во овој Парламент се двосмислено во тој модел. Драго е што сите дојдовме конечно до такво сознание. Всушност тоа е и логиката на изборниот систем на Република Македонија.

Да ве потсетам, првите два изборни циклуси ги организиравме според чист мнозински модел иако и тогаш експертите предвидуваа дека за држава како Република Македонија компакна во својата територијалност, со мал број на популација, од 2 милиони и хетерогена во клучните културални етички и културални карактеристики дека со 100% сигурност и препорачуваа само еден изборен модел, чист пропорционален модел со една изборна единица. За жал ние не ги слушавме тогаш, се обидовме на два пати со мнозински изборен модел, вториот пат доживеавме бојкот на опозицијата, тогашната опозиција, Демократскта партија, ВМРО-ДПМНЕ, кои што сосема со право реагираа на тогаш фалсификуваните парламентарни и претседателски избори, а пак системски предулсов за овозможување на таков фалсификат беше мнозинскиот модел, кој што ги мотивираше учесниците во изборите да применат било какви методи за да дојдат до успех, затоа што логиката беше победникот зема се. После таквото горко искуство од 1994 година настана еволуција. Ние добивме мешовит системод 1998 година, каде што една третина од пратениците беа избирани преку пропорционален изборен модел, со една изборна единица, а две третини со мнозински модел. Потоа веќе на нареднит еизбори дојдовме до натамошна еволуција, пропорционален изборен систем со 6 изборни единици. Логично системот ќе се развива и ќе ја развива како чист пропорционален модел со една изборна единица. што побрзо го сватиме тоа и го примениме, тоа ќе биде подобро за Република Македонија, меѓутоа како што било и за многу работи, како што беше и за концептот за приватизација, како што беше и за укажувањето на корупцијата, така и за ова прашање ЛДП, значи пред цели 13 години со право укажуваше. Изгубени се многу години, меѓутоа секогаш е присутно задоволството кога ќе се дојде на оној став што бил навремено што се предлага. Верувајте, Република Македонија ќе беше поштедена од многу нелогичности и системски и практично.

Што покажа расправата околу прашањето на квотите и околу застапеноста на етничките заедници. Нема политички субјект кој што не е за фер презентација, за фер застапеност на етничките заедници во Република Македонија. Можеби тоа е единствено добро место од оваа расправа, затоа што конечно може да се каже дека има консензус околу тоа прашање. Тоа е јасно и мислам дека не треба да се исцрпуваме во непотребни реплики околу тоа прашање. Сите политички партии покажаа концензус околу тоа прашање. Сега ние треба да издискутираме и да се насочиме кон техничкото решение за овозможување на фер репрезентација на етничките заедници.

Ова што Владата го нуди е само една од техничките можности, само една. Дајте во расправата да ги вклучимеи другите можности.

Прво, кога разговараме за застапеноста има две линии. Генерално две линии на размислување. Едната е со внесување во системот на вакви елементи на засилена позитивна дискриминација.

Во оваа генерална насока има два начина на решавање на ова прашање. Едниот е оној што го рпедложи Владата, со системот на квоти кои што е најопортунистички, реално гледано и можеби за припадниците на политичките елити на заедниците најприфатлив.

(Во салата пратениците меѓусебно разговараат и се договараат).

Господине претседателе ве молам ако може да обезбедите ред, да се сослушаме.

(Претседателот ги опоменува пратениците со ѕвонче).

Благодарам.

Значи, едниот технички модел е овој.

Другиот технички модел е, за кој што за жал не чув залагање, особено оној од ВМРО-ДПМНЕ, сега ребрендирана како ВМРО-ДПМНЕ мултикултурална, од овие дискусии што ги сватив ме последните денови, зошто да не примениме технички модел како при родовата застапеност. Во законот, ако се сеќавате внесовме решение дека секое трето место треба да припадне на претставник на поинаквиот пол. Зошто од мултикултуролистите на ВМРО-ДПМНЕ не дојде предлог секое четврто или петто место на секоја листа што конкурираат на изборните единици не биде претставник од етничките заедници. Така, и математички ќе дојдете не само до фер застапеност туку и на застапеност на етничките заедници. Тоа ви е техничко решение за да постигнете истите овие две технички решенија се апсолутно рамноправни и зошто тоа не го ставивте во игра. Затоа што на тој начин повторно позитивната страна на која ги терате сите предлагачи на листи да размислуваат мултикултурално, сите да работат на принципот на позитивната дискриминација и доминантно македонските партии и доминантно албанските партии и другите партии што ги

претставуваат етничките заедници ќе мораат да имаат во тие параметри, во тие рамки претставник на друга етничка заедница. Еве ви еден  совршен мултикултурален модел во принципот на позитивна дискриминација,многу подобар од системот на квоти. Меѓутоа вие тоа воопштои не сте го разгледувале. Сега можеби ког аме слушате си велите молжеби има нешто добро во предлогот на Манасиевски, меѓутоа тоа е резултат кога апсолутно влегувате неподготвени во ваква сериозна расправа. Затоа мора да се вратите сосема назад, да седнете експерти расправи да организирате за да дојдеме до решение, затоа што практиката европска и светска познава многу модели и не треба да брзаме и да се фатиме  “како слеп за стап”, овој модел што се предлага сега дека е најдобар и најцелисходен. Значи, тоа е едната линија на аргументација.

Втората линија е токму оваа што овозможува чист пропорционален модел и сега прилагоден за да влезат припадниците на етничките заедници без изборен праг, за да овозможи влез на сите етнички заедници. Што е добрата страна на овој модел?

Тој моедел не е сугестивен, тоа е отворен модел. Тој на припадниците на политичките елити на етничките заедници им дава можност до колку настапат со програма на етнополитичка мобилизација да ја остварат преку добиените гласови. Податоцит еод пописот ставени во симулација тоа апсолутно го потврдуваат, тоа ми се чини дека и господинот Рахиќ говореше на примерот на турската заедница дека применети тие модели можат да дадат и поголема застапенсот. Сите сме сведоци, да не одиме подалеку, од искуствата на изборите на Европскиот Парламент во Бугарија, каде што партискиот одзив и силната мобилизација што беше во состојба да ја направи партијата на турската заедница апсолутно најголем број пратеници во Европскиот парламент доби турската заедница во Бугарија. Резултат што можеби по многу параметри би бил нелогичен меѓутоа во политичката практика се покажа како остварлив и едноставно како пристојлив, како таков, затоа што ваквиот модел, една изборна единица без цензус на сите етнички заедници ќе им овозможи, особено на Ромите, Ромите со овој модел, со два пратеника по квоти на пример ќе биде дискриминат споредено со моделот чист една изборна единица. Се разбира ова важи доколку ромските партии се способни по линија на една политичка мобилизација да го остварат својот резултат.

Оовј модел зошто е добар. Тој не е сугестивен, ниту ги тера граѓаните да гласаат етнички, ниту пак ги тера во другата линија да гласаат условно речено асимилаторски, како што беше и тврдењето, колку што разбрав на припадниците на етничките заедници.

Овој модел е идеален затоа што ги решава двете крајности и дава одговор на двете клучни справуања. На едниот дел на пратеници дека со овој модел настанува етнизација на политиката, значи со овој модел се избегнува и на другиот број на пратеници дека настанува всушност асимилација дека сегашниот модел е модел на асимилација на етничките заедници со една изборна единица без цензус. Се прави баланс меѓу овие две справувања. Ниту застапниците на теоријата на етнизација можат да приговорат аргументирано, ниту пак застапниците на страовот од асимилацијата можат да аргументираат опстојно на овој модел. Затоа повикувам овој модел, за кој што постои доминантна политичка подршка биде најсериозно земен  во втората фаза и да добиеме предлог на изборен законик кој што ќе одразува најголем дел на политичкото мислење во Република Македонија и кој што ќе претставува, како што аргументира, логично е еволуција на изборниот систем во Република Македонија, затоа што и теоретски и практично најдобриот изборен модел за ваков тип на држава, со вакви параметри, е токму чисто пропорционалниот модел со една изборна единица без цензус.

На крајот дозволете ми во функција на канализирање на расправата да дадам и еден конкретен предлог.

Промената на Изборниот законик е многу сериозна работа за да и се довери на Владата. Многу сериозна работа. За тоа не треба да и се довери на Владата, Владата во втората фаза треба да се јави само како формален предлагач на Изборниот законик и предлагам со консултации во Парламентот, дали со формална одлука, или со неформална да формираме експертска група составена од 7 члена во која што мнозинството ќе ја сочинуваат домашни експерти, тројца домашни експерти еден претставник од Државната изборна комисија, еден претставник од владеачкото мнозинство, еден претставник на парламентарната опозиција и еден претставник на претставниците на етничките заедници.

На овој начин, со ваква 7 члена експертска група која што ќе има задача да дојде врз основа на расправата што тука се одвиваше денес, врз основа на постоечките модели европски и врз основа на дополнителна јавна расправа да продуцира моделкој што Владата само формално ќе го предложи во Парламентот и Парламентот консензуално ќе го изгласа. На тој начин ќе покажеме дека промените на Изборниот законик не се дневна политика на Владата, дека се прашање на целосен консензус, одразуваат зрелос тна политичките субјекти и ќе пратиме, верувајте најдобра порака виза ви извештајот на Европската комисија дека Република Македонија и нејзината Влада се способни начинот на одлучување за клучните прашања да го децентрализираат , да го отворат за клучните играчи и за експертската заедница за тој да даде резултат што ќе биде во полза на сите.

Со овој конкретен Предлог на ЛДП сакам да ви се заблагодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Госпоѓа Катерина Димевска повлете за реплика.

**Катерина Димевска:** Благодарма почитуван претседателе.

Во излагањето на почитуваниот колега Мансиевски беа искажани многу негови размислувања кои што генерално се разликуваат од моите размислувања и во интерес на времето јас не би сакал да реплицирам на многу негови размислувања, меѓутоа сакм да потенцирам една работа.

Како што кажа и самиот од расправата која што ја имавме неколку дена се констатира дека повеќе политички партии се усогалсија со една работа, за фер застапеноста на припадниците на заедниците, која што се предвидува со овој законски проект, бидјеки денес имаме прва фаза на Предлог за донесување на закон з аизменување и дополнување на Изборниот законик .

Го повикувам почитуваниот колега и неговата пратеничка група денеска да дадат подршка и понатаму да имаат можност она што тие го предлагаат да го изнесат во втората фаза.

Овој законси проект денеска јас ќе го подржам, се надевам дека ќе биде подржан и од останатите колеги пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Манасиевски дали имате контра реплика.

**Јован Мансиевски:** Благодарам претседателе.

Мојот е многу конкретен предлог. Доколку влезе во заклучоците од оваа седница пратеничката група на ЛДП ќе гласа, Значи наместо Владата да биде, Владата ќе остане формален предлагач, меѓутоа за процесот д абиде отворе, партиципативен, да се формира експертска група со ваква структура на учесници како што кажав и сметам дека тоа ќе биде одличен исход на оваа седница, каде што ќе покажеме зрелост, каде што ќе покажеме ниво, каде што во овие последни денови на креирање на извештајот ќе покажеме нависитна она што се очекува од Република Македонија и каде што имаме гаранција дека она што ќе стигнат во втората фаза ќе биде вонајголем дел од учесниците во политичкиот процес и никој нема да биде дискреминиран посебно во фазата на носење на решенијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули, процедурална интервенција.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Бидејки за малку и вчера со репликите и денеска го одолживме целиот тек што сакавме денеска да завршиме јас би побарал, а и би замолил да зборуваме за еден значаен процес, да не ја правиме паузата да продолжиме, да завршиме со оглед на бројот на пријавени дискутанти, без пауза за ручек и пота да гласаме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Да, мене ми се чини овој предлог дека е рационален.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Секогаш е почисто.

Сите гласале за.

Според тоа во ред е , нема никој против.

Одиме понатмау.

Збор има господинот Манасиевски, не е тука, останува без глас.

Понатаму на ред е господинот Садула Дураку и тој не е тука, според тоа има збор господинот Абдуладi Весели, повелете.

**Абдуладi Вејсели:** Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Ми се чини дека оваа седница во текот на овие неколку дена, што траеа во Парламентот, ми се чини дека отвори неколку прашања кои што до сега не биле отворени**.** Верувајте оваа седница не само што ни помогна нас пратениците, туку помогна малку пошироко и на јавноста да ги увиди работите за тоа кој е во рпаво,кој говори аргументирано и кој не е во право и кој говори неаргументирано. Оваа денешна седница, токму за оваа седница треба многу да се заблагодарам на господинот Никола Поповски кој што ни помогна многу и рече дека овој Предлог на закон кој што е предложен од Владата не е антиалбански, туку е анти СДСМ. И јас во мое име и во име на партијата му благодарам на господинот Поповски уште еднаш што го разјасни тоа.

Значи, Предлогот на законот за пошироката јавност во Република Македонија, затоа што вие знаете дека во текот на овие поминати денови една албанска политичка партија се обиде да ги оцрни сите онеи што сакаат да говорат за еден иден изборен систем со тоа што ги навредуваше и велеше се и сешто за оние момци што ги родила албанска мајка. Во месец рамазан јас во мое име и во име на ПДП ја искористувам во оваа прилика од оваа говорница на сите верници од исламска вероисповест, без оглед на нивната етничка припадност, Албанци, Турци, Бошњаци и други, кои што припаѓаат на оваа вероисповест да им посакам искрено среќен рамазански празник.

Јас им посакувам да имаат лесен пост, меѓутоа, Албанците и Муслиманите тие кои постат и веруваат затоа што има разлика, треба да знаат дека е ова месец на хуманизам, месец на подавање на рака на еден кон друг. Месец не на обвинување и навредување, месец кој не ориентира кон добар пат сите нас. Сакам да ги информирам и другите затоа што не постои вера, не само исламската, туку и православната и католичката која го ориентира човекот да наштети на друг човек или барем во овој благословен месец да се јават лица безлични, лица без критериуми, лица без морал и во текот на сите овие денови да навредуваат, да ги

навредуваат своите браќа кои ги има родено една мајка.

Ова прв пат го видов денес во Парламентот, не денес, туку во текот на сите овие изминати денови кога се одвиваше оваа дебата.

Второ, ги прашувам претставниците на ДУИ кои се критериумите почитувана господо за да бидеш Албанец, за да бидеш патриот. Според вас, критериумите за да бидеш Албанец е да навредуваш и да пцуеш. Според вас критериум за да бидеш Албанец е да го помогнеш својот партнер во коалицијата СДСМ,

Второ, така како што сте помагале до сега било на претседателските избори на кои помагавте, ги полневте кутиите за Бранко Црвенковски. До колку е ова патриотизам за Садула Дураку, да го наречеме дека е патриотизам. Вие знаете дека и тогаш ПДП беше во коалиција со ДУИ, меѓутоа, кога одлучивте во вториот круг гласовите и ги принудите насилно Албанците да дадат глас на Бранко Црвенковски, ПДП се повлече од претседателските избори.

Понатаму, до колку е албански патриотизам и голем патриот во текот на четири години не го спроведовте Охридскиот рамковен договор, до колку е ова патриотизам, повелете кажете го тоа за да го штитите СДСМ и вашиот лидер тоа го кажа отворено во Сарај, за да не му падне рејтингот на СДСМ под 60% денеска можеби четири, вие не го имплементиравте и не го усвоивте на оваа говорница законот за употреба на јазикот и законот за семејствата на паднатите жртви од ОНА, за ветераните од војната и тн.

Дали е ова албански патриотизам? До колку е, тогаш јас ќе ја ставам раката на срце и ќе кажам вие сте албанските патриоти. Затоа денес има само едно добро што вие сте зазеле место на опозиција и многу убаво ја играте улогата на опозиција. Меѓутоа, сега сте почнале да губите и верувајте сте почнале да се учите. Верувајте за овие четири години ќе научите добро и доро ќе ја играте улогата затоа што не знаевте да ја играте улогата ниту во позиција, меѓутоа, опозиција има свои вредности и бенефиции, но треба пошироката јавност да има задоволство. ДУИ почна да оди по патот на опозицијата и си призна дека е опозиција. Гледам дека половина од пратениците на претседателот му вели претседател, тие што се поблиску до претседателството како Теута и Азис, а тие што се малку подалеку од претседателството велат господине Георгиевски. Сега, дали е претседател Љубиша Георгиевски или е господин Љубиша Георгиевски. Да ги направиме разликите.

Затоа јас од оваа говорница апелирам, почитувани господа, вие сте против законот и тука нема никаков проблем, ние немаме воопшто начин да ви се спротивставиме затоа што став на некоја политичка партија е против, меѓутоа, да се каже дека е антиалбански, тоа е неприфатливо за мене. Меѓутоа, кажете право затоа што тоа го кажа и Никола Поповски, добро го облазложи, значи не антиалбански, туку е анти СДСМ.

Второ, законот за кој говориме, можеби јас имам мои забелешки за истиот, меѓутоа, не ја сфаќам улогата на ДУИ. Ги менува позициите, ги менува ставовите така како што ги менува позициите, кога е на власт се е во ред, а кога е во опозиција ништо не чини. Ова ќе го поткрепам со конкретни факти.

Од 2002 до 2006 година вие бевте позиција и ПДП беше во опозиција. Сега ќе набројам, има стенограм, има листинзи во Парламентот и јавноста треба да направи споредба, компарација. Вистина е дека има факти, ќе ги изнесеме истите, дури ќе побарам од службата за секое прашање да ги извади стенограмите, меѓутоа, сега ќе се обидам да ја оценам вашата работа кога бевте во една поинаква позиција. Се сеќавам како денес, вие бевте тука на средината на салата, ДУИ беше партија на власт и ПДП предложи закон за знамето, овде во Парламентот го подготвивме како пратеници на партијата и го предложивме на пленарна седница. Вашиот одговор беше повлечете го законот или ние нема да гласаме за законот што го предлага ПДП затоа што ние сме во власт и ние ќе предложиме подобар закон.

Навистина нашиот закон не го гласавте, вие го гласавте вашиот предлог и видете каков закон усвоивте.

Второ, предложивме закон за државјанство, пратениците од ПДП повторно не го поддржавте овој закон затоа што рековте ние ќе донесеме подобар закон затоа што сме во власт. Денес сеуште над 50-60 илјади што ги освоивте вие или пет или 10 илјади нека се тие што немаат државјанство се Албанци.

Предложивме закон во Парламентот за ветераните од војната, за семејствата на паднатите жртви од војната, за инвалидите од војната, вие со вашиот глас не го прифативте нашиот закон. За да ви ја олесниме работата, ние предложивме заклучоци или информација со Предлог-заклучоци за да ги прифатите со софистицирање на истите затоа што не се работи само за овие, туку се работи за ова или она, за тоа што се обидувате да се договорите со Никола Груевски, а тоа што денес го велите можете да го видите многу добро сме го предложиле уште во 2003, 2004 година и рековте да, вашите предлози нема да ги прифатиме затоа што Владата ќе предложи подобри закони.

Предложете го законот за јазици, еве го работиме. Само да ја информирам вистински јавноста, законот што вие го имате за употреба на јазиците е закон што е подготвен во 1997-1998 година и е закон кој е подготвен и работен од разни експерти во 2001 година и нашиот тогашен министер кој се префрли после кај вас Иџет Мемети ви го предаде вам и вие го преработивте и се обидувате да ни продавате магла дека еве вие сте го изготвиле законот.

Затоа, малку е потешко да се разговара со луѓе кои биле присутни таму и поради информациите

за кои непосредно сме биле вклучени, сме биле ангажирани.

Понатаму, од наша позиција на опозиција и од вашата позиција на опозиција се правеа промени на уставните амандмани, се имплементираа истите, а ние пратениците од ПДП предложивме претседателот на Парламентот, идниот претседател, да се избере со Бадентеров принцип. Одговорот на ДУИ беше ги притиснаа копчињата и рекоа не. Го имате листингот.

Јавниот обвинител на Македонија се избира со Бадентеров принцип, тоа е наш предлог кога вие бевте на власт. Вие ги притиснавте копчињата како главнит Гзим Острени, Рафис Алити и тие што беа во кругот на претседателството Теута и не знам кој, стиснаа против затоа што не го прифаќаа предлогот. Сега сте поднеле амандман со кој барате Јавниот обвинител да се избира со Бадентеров принцип.

Јас немам ништо против, ми се исушија усните, сепак постам, сите овие предлози кои вие не ги прифативте во времето кое помина, денес се обидувате да ги предложите во рамките на една ситуација или поинаква позиција во која се наоѓате денес.

Затоа немојте да продавате магла пред Албанците затоа што вие до вчера велевте дека Охридскиот рамковен договор е имплементиран, спроведен, а денеска велите не, останаа уште многу прашања за спроведување, дури излеговте кога се дозна дека Охридскиот рамковен договор навистина не е спроведен затоа што основните столбови на Охридскиот рамковен договор не се имплементирани, вие тогаш продолживте со тоа дека ете ние не успеавме да ги направиме затоа што ние не сакавме да го оштетиме нашиот поголем брат СДСМ.

Денеска се гледа јасно дека вие сте токму под нивно влијание.

Тезите на Бранко Црвенковски ги кажува парламентарната група на ДУИ. Тезите на Јани Макрадули или на СДСМ ги кажува парламентарната група на ДУИ затоа што Јани Макрадули со Муса Џафери секој ден се среќаваат во ресторанот “Ања”. Дури некој рече многу бил дебел овој Муса Џафери, наместо да ги сфати работите што ги кажува Јани Макрадули. За еден час му требаат повеќе часови. Меѓутоа, видете, јас имам едно барање за кое не смеете да се продавате како големи патриоти Албанци, а да работите за друг интерес и да го продавате материјалот што го изготвил некој друг, да го продавате како ваш материјал затоа што лагата има кратки нозе и тие ќе излезат на површина. Сами се фалат пратениците од СДСМ по колку амандмани ви напишале за овој закон. Тоа не го велам јас, туку пратениците од СДСМ. Јас му напишав 10, јас му напишав пет, нашата служба напиша толку, ако ги сакате имињата на службата да ви ги дадам, но нема потреба сега за сега. Затоа јас мислам дека на овој начин се виде јасно дека коалицијата функционира добро, јас не сум видел коалиции во опозиција, знам дека коалициите функционираат во Владата затоа што треба да се реализираат цели, намери за реализација на интересите на граѓаните. Меѓутоа, вие уште не сте сфатиле дека опозицијата нема право или не може јас да им го одземам тоа право, меѓутоа опозицијата не е таа која може да ги помогне своите граѓани. Опозицијата има многу значајна улога во Владата. Опозицијата треба да биде силен коректор, треба да интервенира преку амандмани, треба да интервенира преку други инсрументи кои се многу... прашања кои можат да ги помогнат албанските прашања во целост во Македонија.

Денес слушам дека со овој Предлог-закон вие барате Македонија да биде една изборна единица. Секако се согласувам и јас, меѓутоа, плус ве молам сите од ДУИ да излезете на говорница и да кажете Изборниот законик кога се донесе почитуван господине, се донесе во времето на СДСМ и ДУИ. Зошто тогаш вие кога ние поднесовме амандман како ПДП Македонија да биде една изборна единица, вие го одбивте тој амандман. Не го гласавте. Сум немал време тогаш, да, сум немал време поради други работи. Сега барате Македонија една изборна единица. Јас немам против, меѓутоа ги кажавме вашите ставови кои ги менувате како камелеон кога сте во позиција кога не сте во позиција.

Затоа јас мислам дека вие немате искрена коалиција, туку вас ве употребуваат за еднократна употреба. Вие увидовте вашиот партнер од коалицијата рече ние не го поддржуваме овој закон затоа што овој закон ги одвојува Албанците од другите етнички заедници. Тоа е вистина. Вистина е дека со овој закон се делат Албанците од помалите етнички заедници против кои немам ништо, се двојат од Турците, Бошњаците, Србите и Власите затоа што ние сме категорија над 20% во Република Македонија. Вие сте против тоа Македонија да биде на Македонците и Албанците и со ова спротивставување со тоа што ги поддржувате идеите на СДСМ и ЛДП мислам дека сте во туѓа служба не сте во служба на Албанците.

Другото прашање (дофрлување од место од пртениците на ДУИ и СДСМ).

Нема проблем, и така ги учиш во “Ања”.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам продолжете господине Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Знам дека не се учат, некој е тврд не може да учи од еднаш полека полека, но ќе научи, четири години, има време. Тие ме повикаа мене да им помогнам и друго е што се одвоија.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам продолжете господине Вејсели со вашиот говор. Ве молам.

**Абдулади Вејсели:** Разбра? Не се секирајте, полека, јас не се брзам. Се повикувате во име на албанското мнозинство, меѓутоа, ми пркосите во име на тоа албанско мнозинство и тоа мнозинство...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам држете се за договорот од координацијата, се договоривме за 20 минути, ве молам.

**Абдулади Вејсели:** Да завршам? Еве ќе завршам. Има уште многу, но ќе завршам.

Затоа јас не сакав да говорам на оваа седница, меѓутоа, ме принудија тие кои мислеа дека само на овој начин може да се говори и никој да не ги слуша. Не сме деца да си играме криенка затоа јас излегов и ви кажувам дека треба да бидеме многу внимателни кога се јавуваме на говорница и кога се двоиме во две групи, како што се одвои ДУИ и сега внимавајте вашиот советник Петрит ги обвинува Теута и Азис дека се одвоиле од парламентарната група. Внимавајте, мислам дека тоа го пишува во "Факти" дека се одвоиле. Ти гледај си ја својата работа...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам.

(Пратеникот Вејсели зборува на албански без превод со пратениците од ДУИ. Си дофрлуваат едни на други).

Ве молам да се воздржите од овие дијалози затоа што нема превод.

**Абдулади Вејсели:** Биди малку покултурен, до колку имаш нешто против излези на говорница. Јас сум на тема, тема ми е Рафис Алити, тема ми е Рафис Алити.

(Општ хаос во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Петнаесет минути пауза.

(Паузата е дадена во 13,23 часот).

(Седницата не продолжи)